Council of Europe
European Commission

Conseil de l'Europe
Commission européenne

CARDS POlice

CARDS Регионален полициски проект во Југоисточна Европа

# Преглед на законодавството за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела во Југоисточна Европа

Изготвено од
Роберт Голобинек
Стразбур, 2007 година

## Содржина


1 Вовед ........ 4

2 Профили на земјите ........ 6
2.1 Албанија – Профил на земјата ........ 6
2.1.1 Постоечко законодавство ........ 6
2.1.2 Проширена конфискација ........ 7
2.1.3 Изготвување на законодавство ........ 8
2.1.4 Институции ........ 9
2.1.5 Заклучоци ........ 9
2.1.6 Општ преглед ........ 11
2.2 Босна и Херцеговина – Профил на земјата ........ 15
2.2.1 Постоечко законодавство ........ 15
2.2.2 Проширена конфискација ........ 17
2.2.3 Изготвување на законодавство ........ 18
2.2.4 Институции ........ 18
2.2.5 Заклучоци ........ 19
2.2.6 Општ преглед ........ 21
2.3 Хрватска - Профил на земјата ........ 23
2.3.1 Постоечко законодавство ........ 23
2.3.2 Проширена конфискација ........ 26
2.3.3 Изготвување на законодавство ........ 26
2.3.4 Институции ........ 26
2.3.5 Заклучоци ........ 27
2.3.6 Општ преглед ........ 299
2.4 “Поранешна Југословенска Република Македонија” – Профил на земјата ........ 32
2.4.1 Постоечко законодавство ........ 32
2.4.2 Проширена конфискација ........ 34
2.4.3 Изготвување на законодавство ........ 35
2.4.4 Институции ........ 36
2.4.5 Заклучоци ........ 37
2.4.6 Општ преглед ........ 38
2.5 Косово – Профил на проектната област ........ 41
2.5.1 Постоечко законодавство ........ 41
2.5.2 Проширена конфискација ........ 44
2.5.3 Изготвување на законодавство ........ 44
2.5.4 Институции ........ 44
2.5.5 Заклучоци ........ 45
2.5.6 Општ преглед ........ 47
2.6 Црна Гора – Профил на земјата ........ 50
2.6.1 Постоечко законодавство ........ 50
2.6.2 Проширена конфискација ........ 51
2.6.3 Изготвување на законодавство ........ 51
2.6.4 Институции ........ 51
2.6.5 Заклучоци ........ 52
2.6.6 Општ преглед ........ 53
2.7 Србија – Профил на земјата ........ 55
2.7.1 Постоечко законодавство ........ 55
2.7.2 Проширена конфискација ........ 57
2.7.3 Изготвување на законодавство ........ 58
2.7.4 Институции ........ 58
2.7.5 Заклучоци ........ 59

2.7.6 Општ преглед .......... 60

3 **Меѓународни стандарди** .......... 62
3.1 МЕЃУНАРОДНИ ПРАВНИ ИНСТУРМЕНТИ .......... 62
3.2 СПОРЕДБЕН ПРИКАЗ .......... 62
3.2.1 Холандија .......... 65
3.2.2 Данска .......... 66
3.2.3 Германија .......... 67
3.2.4 Ирска .......... 67
3.3 ПОВРЗАНОСТ СО СТАНДАРДИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА .......... 70

4 **Заклучоци** .......... 72

За дополнителни информации, Ве молиме, обратете се во:

Оддел за економски криминал
Генерална Дирекција за човекови права и правни работи
Совет на Европа

Tel +33–3–9021–4506
Fax +33–3–8841–3955
E-mail alexander.seger@coe.int

Ставовите изразени во овој технички извештај не секогаш ги претставуваат официјалните позиции на Советот на Европа и Европската Унија

## 1. Вовед

Запленета на имотот стекнат преку вршење на кривични дела претставува ефикасна алатка за борба против тешкиот и организиран криминал. Како и да е, примената на меѓународните стандарди, а уште повеќе, и примената на постоечките законски одредби во праксата и понатаму наметнува предизвици за многу земји во Европа.

Еден од резултатите на CARDS Регионалниот полициски проект во Југоисточна Европа (CARPO) имаше за цел да го посочи прашањето на финансиските истраги наменети за заплена на имотот стекнат преку вршење на кривични дела од правна, институционална и оперативна перспектива.

Целта на овој преглед е да се претстави постоечкото законодавство во земјите кои учествуваа во CARPO Проектот (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, „Поранешната Југословенска Република Македонија", Србија (вклучително и Косово) и Црна Гора) во делот на идентификување, следење (финансиска истрага), замрзнување и заплена (времени мерки) и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела, со посебен акцент на проширената конфискација, од перспектива на меѓународните стандарди.

Сите земји имаат законодавство на сила кое овозможува идентификување, следење, заплена и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела, со некои специфични пречки за кои е даден опис подолу во текстот.

Главниот недостаток е непостоењето на служби (и одредби) за управување со запленетиот и конфискуван имот стекнат преку вршење на кривични дела, како и непостоењето на одредби кои се однесуваат на проширената конфискација. Непременувањето на постоечкото законодавство во пракса исто така резултира со недостаток на податоци, нивно собирање и соодветни бази на податоци за финансиски истраги, привремена и трајна конфискација. Ова пак резултира со нецелосни статистички податоци, кои би овозможиле изработка на стратешка анализа.

Законодавството за проширена конфискација се применува само во Албанија; законски одредби исто така постојат во Босна и Херцеговина и Хрватска, но истите се уште не се применуваат во пракса. Товарот на докажување на потеклото на имотот секогаш се поврзува со лицето кое е утврдено како виновно за вршење на кривичното дело, во случаи кога неговата сопственост го надминува неговиот законски (пријавен) приход.

Во земјите на транзиција со развојна демократија, владеењето на правото и економските системи (невработеност, финансиски и банкарски системи, економија заснована на готовински исплати, застарени бази на податоци за имот, земјишни регистри и слично), можноста за проширена конфискација, соодветно балансирана и ограничена во согласност со стандардите за човекови права, е уште позначајна за ефикасна борба против незаконското збогатување преку криминални активности.

Проширената конфискација е воведена преку многу меѓународни правни инструменти, а истата е регулирана и ефикасно се применува во некои европски земји.

Значењето на проширената конфискација[1] за целите на овој преглед треба да се сфати како мерка која овозможува конфискација (и заплена) на имот од обвинетото лице, кога може да се утврди дека потекнува од кривично дело (и/или не е сразмерен со законски пријавениот приход) и кога лицето не може да обезбеди докази дека сопственоста има законско потекло.

Земјите на поранешна Југославија имаат иста историја на правото. По одделувањето, повеќето земји понатаму го развија своето кривично законодавство, почитувајќи го развојот на меѓународното право и внатрешните карактеристики, како и преминот во пазарната економија. Некои од земјите воведоа истраги водени од обвинителот и ги укинаа формалните судски истраги, водени од истражен судија; други земји се во фаза на изготвување на соодветни законски измени.

Релевантините институции исто така ќе бидат споменати, бидејќи поголем дел од вработените учествуваа на тркалезните маси и/или обуки во однос на оваа проблематика, организирани за време на CARPO Проектот. Во некои случаи, и понатаму е потребно да се работи на подигнување на свеста; додека во други случаи пак, напредните обуки подобро би ги задоволиле посебните потреби на институциите со постоечка (ограничена) пракса за целите за нивна специјализација. Во некои наврати, потребата од соодветна поддршка и мотивација на иследниците (инспекторите) беше напомената. Непостоењето на (финансиска) мотивација за иследниците во некои земји може да го оневозможи следењето на имотот стекнат преку вршење на кривични дела, бидејќи тоа може да резултира со „притисок" или заплашување на иследниците од страна на криминалците и можност за корупција.

Целта на овој преглед е да се обезбедат општи информации за постоечкото законодавство, планови за негова измена, како и информации за одговорните институции за спроведување на законот во земјите од Југоисточна Европа. Може да послужи и како основа за идни детални анализи.

Изворите на информации за овој документ се ограничени на достапните законски текстови на постоечкото законодавство (некои од нив се преведени на лош англиски јазик) и нацрт-предлозите за измени. Дополнителните извори вклучуваат информации и податоци добиени за време на состаноците и тркалезните маси организирани преку CARPO Проектот во проектните области со присуство на раководните лица од полицијата, обвинителството и судството, како и резултатите и заклучоците од обуките и регионалните конференции во земјите во периодот од 2004-2007 година. Документот исто така се повикува и на информациите дадени од страна на земјите во посебните делови на CARPO Прирачникот за обуки за „Финансиски истраги и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела" (прво издание објавено во септември 2006 година, и второ издание објавено во јуни 2007 година).

[1] Според Конвенцијата за перење, следење, заплена и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела и финансирање на тероризмот од 2005 година (член 3/4): „неопходни мерки за да се побара, во однос на тешко кривично дело или тешки кривични дела според дефиницијата во националниот закон, сторителот да го докаже потеклото на наводниот имот или друга сопственост, предмет на конфискација, до онаа мера до која таквото барање е во согласност со начелата дадени во домашното законодавство".

# 2. Профили на земјите

## 2.1 Албанија – профил на земјата

### 2.1.1 Постоечко законодавство[2]

Конфискацијата е регулирана со член 36 од Кривичниот закон (понатаму во текстот КЗ), кој утврдува конфискација на предмети и имот стекнат преку вршење на кривични дела, или друг вид на сопственост, чија вредност е соодветна со вредноста на имотот стекнат преку вршење на кривични дела.

Исто така конфискацијата е регулирана во случај на делумна или целосна измена на имотот во друг вид на сопственост, кога истиот се соединува со друга сопственост незаконски стекната, во висина иста како онаа на имотот стекнат преку вршење на кривични дела, и други приходи или продобивки кои потекнуваат од овој имот стекнат преку вршење на кривични дела (член 36/3 и 4 од КЗ).

**Времена конфискација (заплена, конфискација)** е поделена на неколку групи според целите за кои истата се врши.

**Заплена (конфискација) на докази**
Судот и обвинителот може да наредат заплена на вистинските докази и предмети, кои се поврзуваат со кривичното дело, кога тие се неопходни за откривање на фактите (член 208 од Законот за кривична постапка –ЗКП). Конфискацијата ја врши органот кој издал наредба за конфискација, или од страна на службеници на судската полиција на кои им е дадено такво овластување. При заплена на кореспонденција, акции, банкарски документи или други банкарски депозити, судот е одговорниот орган за издавање на наредба за конфискација. Во итни случаи, со исклучок на кореспонденцијата, обвинителот исто така може да издаде наредба за конфискација. Во итни случаи, кога трагите и предметите можат да бидат изменети или загубени, а обвинителот не може итно да интервенира, службениците на судската полиција кои ја водат истрагата можат да ги запленат доказите и предметите кои се поврзуваат со кривичното дело (член 300/2 од ЗКП).

**Заштитна конфискација** се изрекува кога постојат основани причини да се верува дека обвинетиот не може да гарантира исплата на парична казна, трошоци кои произлегуваат од судскиот спор, или друг вид на обврска кон државата (член 270 од ЗКП).

**Времена конфискација** (**замрзнување, заплена и забрана за користење**) **на имот стекнат преку вршење на кривично дело**
Заштитната конфискација има за цел првенствено да ја спречи опасноста од отежнати или одложени последици од кривичното дело, или да го олесни вршењето на друго кривично дело (член 274 од ЗКП). Заштитната конфискација ја изрекува судот по барање на обвинителот и може да се примени за секаков вид на сопственост, предмети или имот стекнат преку вршење на кривични дела, подложен на конфискација, согласно член 36 од КЗ.
Конфискацијата во одредени околности (наведени во член 287 од ЗКП) е можна дури и кога лицето не е прогласено за обвинето или против него не може да се поднесе обвинение.

[2] Закон бр. 7895, од 27.01.1995 година, Кривичен закон на Република Албанија, изменет со Закон бр. 9086, од 19.06.2003 година
Закон бр. 7905, од 21.03.1995 година, Кривичен закон на Република Албанија, изменет со Закон бр. 8460, од 19.02.1999 година
Закон бр. 9284, од 30.09.2004 година, за спречување и борба против организиран криминал
Закон бр. 8610, од 17.05.2000 година, за спречување перење пари, изменет со Закон бр. 9084, од 19.06.2003 година
Закон бр. 9258, од 15.07.2004 година, за мерките за сузбивање на финансирање на тероризмот.

**Финансиска истрага** не е посебно дефинирана со ЗКП и не постои посебна одредба за пристапот до банкарските податоци.

2.1.2 Проширена конфискација

Законот за спречување и борба против организиран криминал (Закон за организиран криминал) утврдува различни правила за конфискација и заплена. Законот ја воведува и проширената конфискација. Целта на Законот е да овозможи истрага за потеклото на имотот на лицето, осомничено (основано сомнение) за одредени (наведени) кривични дела или осомничено за поврзаност со криминална организација (види член 3 и 9); исто така овозможува времена и трајна конфискација на имот чие законско потекло не може да се потврди. Постапката која се употребува во финансиската истрага, заплена и конфискација, е граѓанска или управна и поврзаноста со (можната) кривична постапка е регулирана (член 4/3 и 27). Обвинение за кривично дело не е потребно.

Обвинителот мора да обезбеди доволно податоци (или добро основани причини за да се верува во тоа) со кои ќе ја посочи вклученоста на осомничениот во вршењето на наведените криминални активности, кои резултираат со имот стекнат преку вршење на кривично дело и/или несразмерна вредност на имотот и пријавениот приход, или влијание врз криминалната организација во однос на сопственоста (член 8 и 9). Осомниченото лице може да биде прашано во текот на истрагата да го докаже законското потекло на неговиот имот и да ја отфрли суштинската претпоставка (член 9 и 13).

Примената на Законот е ограничена на лица за кои постои основано сомнение за нивно учество и заложба за вршење на кривични дела во криминалната или терористичка организација и /или кривични дела поврзани со трговија на дрога, стоки, луѓе и криумчарење (член 109,109-б,110-а,114-б,128-б,278-а,282-а,283-а и 284-а од КЗ)[3].

Исто така Законот се применува и за сопружници, деца, роднини, трети и правни лица, кога има податоци кои покажуваат дека имотот или активностите се во сопственост на осомниченото лице. Интересен е фактот што Законот може да се користи и за конфискација на имотот на осомничениот, незаконски стекнат пред стапувањето на сила на овој Закон (член 3).

Член 8 ја утврдува можноста да се прошири исрагата на имотот или економските активности врз кои можеби се наметнува закана или влијание на криминалната организација или вредноста на имотот не е во согласност со приходот или економската моќ на осомниченото лице. Во вакви случаи обвинителот може да побара од судот да го натера сопственикот да ја докаже законитоста на неговиот имот.

Член 13 ги утврдува критериумите за конфискација на имот, по барање на судот или обвинителот. Судот наредува конфискација на имот кој директно или индиректно е во сопственост на лице за кое се води истрага, кога:

а) вредноста не е сразмерна со пријавениот приход или неговата економска активност;
б) врз основа на доволно податоци, има добро основани причини да се верува дека предметите се резултат на незаконски активности или претставуваат инвестиција од истите.

[3]а) учество во криминални организацвии и структурирани клриминални групи и вршење на кривични дела во нивна корист; б) учество во терористички организации или вооружени банди и вршење на кривични дела во нивна корист; в) вршење на кривични дела заради терористички цели; г) изнуди; д) трговија со луѓе; ѓ) трговија со жени заради сексуална експлоатација; е) трговија со малолетни лица, криумчарење на оружје и муниција; ж) трговија со наркотични субстанции; з) оранизирање и раководење со криминална организација.

Судот може да побара лицето за кое се води истрагата или сопственикот на имотот да ја докаже законитоста на неговиот имот.

Примената на законот во пракса и неговата поврзаност со кривичната постапка и понатаму отвораат некои прашања. Постапката за финансиска истрага, заплена и конфискација е различна од кривичната постапка. Законот наведува дека граѓанските и управни процедурални правила се применливи (член 4/3). Член 27 го утврдува односот меѓу кривичната постапка и имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Во таков случај, запленaта и конфискација исто така може да бидат изречени врз основа на овој закон, но примената е отфрлена кога имотот е запленет во кривична постапка, се додека кривичната постапка не заврши. Мерките согласно овој Закон се прекинуваат во случај на конфискација на истиот имот од кривичната постапка. Во пракса, обвинителот ја започнува постапката, регулирана со овој Закон откако резултатите од кривичната постапка ги обезбедуваат бараните податоци и докази, дури и во случај кога судскиот процес не е започнат. Оттука, постапката е паралелна, но одвоена од кривичната форма.

Конфискација се изрекува врз основа на оправдано барање на обвинителот. Судот изрекува конфискација на запленетиот имот чие законско потекло не е потврдено (член 24) во рок од 3 месеци од барањето.

Судот одбива да изрече конфискација во случај кога (член 26):
- податоците се недовлни за да се докаже учеството на осомничениот во криминалната активност (член 3);
- кога ќе се утврди дека запленетиот имот има законско потекло;
- кога ќе се утврди дека запленетиот имот, директно или индиректно, целосно или делумно, не е во сопственост на осомниченото лице.

**Времена конфискација** (прелиминарна заплена) е регулирана во член 7.
Во случај на опасност од употреба или прикривање на имот или сопственост кои можат да бидат конфискувани во рамки на режимот на проширената конфискација, обвинителот може да побара од судот да изрече нивна претходна заплена, дури и пред датумот на судската сесија. Мерката заплена е валидна за период од шест месеци, со можност за нејзино продолжување до една година.

**Времени мерки во случај на влијание врз криминалната организација**
Во случај на сомнеж дека сопственоста на имотот и економските активности се под закана или влијание од криминалната организација, или дека таа може да ја олесни активноста на лицето кое е осомничено согласно Законот за организиран криминал (влијание врз криминалната организација – член 8; и наведените кривични дела - член 9), судот може да изрече, по барање на обвинителот, привремен прекин на управувањето и располагањето со предметите и активностите кои се употребуваат, директно или индиректно, за вршење на економски активности кои се под закана или влијание на криминалните организации (член 9).

Во случај на реална и конкретна опасност дека имотот може да се изгуби, злоупотреби, или оттуѓи, обвинителот може да побара судот да изрече заплена (член 10).

2.1.3 Изготвување на законодавството

Нацрт подзаконскиот акт на Агенцијата за управување (2007 година), изготвен од страна на Агенцијата, се уште не е усвоен. Измените на Законот за перење пари се уште се во подготовка. Министерот за финансии формираше работна група во рамки на Генералната Дирекција за перење пари во 2007 година.

2.1.4 Институции

**Судска полиција**
Судската полиција, дури и по службена должност, ги открива кривичните дела со цел да ги спречи понатамошните последици, трага по криминалците, ја води истрагата и прибира се што може да придонесе кон примената на кривичното право (член 30 од ЗКП). Судката полиција ги води сите истражни операции кои се зададени или делегирани од страна на обвинителот. Секторот за борба против финансиски измами, економски криминал и корупција во рамки на криминалистичката полиција е централна единица за водење на финансиски истраги.

**Обвинител**
Обвинителот го води кривичното гонење, ја контролира прелиминарната истрага, го доставува обвинението до судот и ги презема мерките со кои се гарантира имплементација на одлуките (член 24 од ЗКП)[4]. Откако кривичното дело е пријавено, финансиската истрага ја води обвинителот, кој може да делегира задачи на службениците на судската полиција (член 304 од ЗКП).

**Обвинителство за тешки кривични дела** е специјализирана единица која исто така се занимава со утврдување на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. Во моментов, има двајца обвинители кои работат на финансиски истраги.

**Работна група на обвинители на подрачјето на Тирана** ги обединува единиците на судската полиција, даночната полиција и царинската одделение за борба против криумчарење.

**Заедничка истражна единица за борба против економскиот криминал и корупцијата** во рамки на обвинителството (Директор, г. Алтин Думани), формирана со заедничка наредба од 22 мај 2007 година на Министерот за финансии, Главниот обвинител, Министерот за внатрешни работи и Државната информативна агенција.

**Агенција за управување со запленет и конфискуван имот**
Со Законот за спречување и борба против организираниот криминал се формираше Агенцијата, а истиот го дефинира и нејзиниот мандат и задачи. Управната постапка е ограничена на имот кој потекнува од кривично дело и спаѓа во рамки на овој Закон. Поради тоа што неопходниот подзаконски акт (член 36/2 и 3) се уште не е усвоен, Агенцијата се уште не е функционална.

Задачата на управителот е заштита и управување со запленетиот имот и зголемување на неговата вредност, доколку постои можност за тоа (член 20). Агенцијата исто така има своја улога во издавањето на наредба (пресуда).

Заштитата и управните трошоци се исплаќаат од запленетите фондови. Ако запленетите фондови не се доволни, или ако запленетиот имот се врати назад, трошоците се покриваат од државниот буџет од страна на Агенцијата (член 23/1).

2.1.5 Заклучоци

Финансиските истраги не се посебно дефинирани во ЗКП и не постојат посебни одредби за пристап до банкарските податоци. Следењето на банкарските сметки не е регулирано во ЗКП.

[4] Види исто така Закон бр. 8737 (12.02.2001 година) за функционирањето и организацијата на Обвинителството во Република Албанија.

Албанија е единствената земја во регионот каде се применува проширената конфискација. Таа не ја дели истата правна историја со земјите на поранешна Југославија, но има сличности со италијанските системи. Законот за спречување и борба против организираниот криминал дава правна основа за водење на истраги за утврдување на потеклото на имотот во случаи на сомнение за незаконско потекло (ограничено само на наведените кривични дела[5]) или контрола на организираната криминална група. За време на заплената, осомничениот или сопственикот може да го докаже законското потекло на имотот. Постапката која се користи е граѓанска или управна, а не кривична. Не е потребно обвинение.

Се уште има одредени потешкотии во однос на примената на законот во пракса, особено во врска со член 8 (влијание врз криминалната група) и функционирањето на Агенцијата за управување (ограничена само на Законот за организиран криминал).

Во рамки на обвинителството за тешки кривични дела, двајца обвинители работат на водење финансиски истраги (заедно со судската полиција). Во изминатите години 21 случај заврши со (проширена) конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Целосни податоци за финансиските истраги, заплени и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело не постојат.

Ограничената примена на законот во пракса (и јуреспруденција) не овозможува детална проценка на усогласеноста со меѓународните стандарди, особено со стандардите за човекови права. Иако проглас за кривчно дело не е потребен, и можеби нема поврзаност со кривичната постапка (но во праксата најчесто постои), претпоставката за незаконско потекло (или контрола од страна на криминална организација) на имотот мора да биде потврдена од страна на обвинителот. Претпоставката може да биде побиена доколку осомничениот или сопственикот обезбеди податоци и го докаже можното законско потекло на имотот. Опсегот на примена на законот е ограничен на низа тешки кривични дела или поврзаноста со организирана криминална група (начело на пропорционалност). Според моето мислење, меѓународните стандарди, кои се однесуваат на проширената конфискација, се воглавно задоволени.

---

[5]Едно од прашањата е исто така примената на Законот за кривични дела поврзани со дрога, бидејќи само трговијата со дрога преку границите паѓа во рамки на делокругот на Законот за организиран криминал.

### 2.1.6 Општ преглед

| **КЗ** | | Албанија |
|---|---|---|
| Конфискација | 36 КЗ | **Член 36 (нов): Конфискација на инструменти и имот стекнат преку вршење кривични дела**<br>1. Конфискацијата мора да биде изречена од страна на судот и значи одземање или пренос во корист на државата на:<br>г) предмети, чие производство, употреба, поседување или располагање претставува кривично дело, дури и во случаи за кои нема обвинение.<br>2. Ако имотот стекнат преку вршење кривични дела е трансформиран или заменет, во целост или делумно, во друг вид на имот, истиот е повторно подложен на конфискација.<br>3. Ако имотот стекнат преку вршење на кривични дела е помешан со друг незаконски стекнат имот, истиот ќе биде конфискуван до онаа вредност колкава што е е вредноста на имотот стекнат преку вршење на кривични дела.<br>4. Приходот или другите придобивки од имотот стекнат преку вршење на кривични дела, имот кој е последица на трансформиран или заменет имот од кривични дела или сопственост која ќе се помеша со вакviot имот е подложен на конфискација до онаа вредност и на оној начин како и имотот стекнат преку вршење кривични дела. |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | 36/1б | б) имотот од кривичните дела, што вклучува секаков вид на сопственост а исто така и правни текстови или инструменти кои ги оправдуваат интересите за имотот кој потекнува или е стекнат директно или индиректно од вршењето на кривичните дела;<br><br>в) награди, доделени или ветени, за извршено кривично дело; |
| Конфискација заснована на вредност | 36/1ć | ç) друг вид на сопственост, чија вредност е сразмерна со вредноста на имотот стекнат преку вршење на кривични дела; |
| Трети лица | Да | |
| Правни лица | 45 | **Кривични санкции за правни лица**<br>Ако правно лице врши активност што претставува криминал, судот може да одлучи да ја прекине целосно или делумно активноста и да ги конфискува придобивките, средствата и друг вид на имот кој произлегува од таа активност. |
| Проширена конфискација | 8, 13 ОК | |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 274 | Задача на полицијата – член 30 од ЗКП |
| ПИМ | 221 и сл. | |
| Пристап до банкарски податоци | 191? | Нема посебна одредба: **Член 191 "добивање документација"?** |
| **Привремена конфискација** | 274 | **Член 274 – Обем на заштитни мерки**<br>1. Кога постои опасност дека слободното поседување на предметите кои се поврзуваат со кривично дело може да ја отежнат или одложат нивната последица или да го олеснат вршењето на друго кривично дело, надлежниот суд, по барање на обвинителот, наредува со основана одлука негова заштита.<br>2. Заштитна мерка може да се изрече и за предмети кои не смее да бидат конфискувани.<br>3. Кога околностите за извршување ќе се изменат, судот, на барање на |

| | | |
|---|---|---|
| | | обвинителот или засегнатото лице, ја укинува заштитната мерка. |
| Замрзнување на банкарски сметки | 210 | **Член 210, Заплена на банкарски сметки**<br>Судот може да нареди заплена на банкарски документи, спорни инструменти, суми депонирани на тековни сметки и слично, иако истите може да се во сефови, кога постојат прични да се верува дека истите се релевантни за кривичното дело, дури и кога не му припаѓаат на обвинетиот или не се на негово име. Во итни случаи, ваквата одлука може да ја донесе обвинителот. |
| Жалбена постапка | 212, 275 276 | |
| Управување | 214, 215/3, 220 | **Член 214 Надзор над запленетите предмети** Запленетите предмети се под надзор на секретаријатот...<br>**Член 215: Продажба на запленетите предмети**<br>**Член 220: Трошоци за запленетите предмети** |
| **Конфискаци ја** | 275 | Член 275 **Поништување на заплената**<br>1. Судот или обвинителот, со одлука за ослободување или повлекување на случајот, наредува враќање на запленетите предмети на лицето на кое истите припаѓаат, само ако не треба да бидат конфискувани бидејќи послужиле или биле наменети за вршење на кривично дело или бидејќи истите се производ или придобивка од кривичното дело.<br>2. Кога ќе се изрече обвинителна пресуда, наредбата за заплена продолжува ако е изречена наредба за конфискација на предметите.<br>3. Запленетите предмети нема да бидат вратени ако судот одлучи да ги задржи со што ќе ги гарантира резултатите. |
| **Посебни закони** | | **Закон за спречување и борба против организираниот криминал** |
| **Линкови** | | www.gpz.gov.al<br>www.parlament.al |
| | | **Институции (специјализирани)** |
| Судска полиција | | **Сектор за борба против финансиски измами, економски криминал и корупција** |
| Обвинител | | **Јавно обвинителство за тешки кривични дела**<br>**Работна група на Подрачното јавно обвинителство во Тирана** |

| | | |
|---|---|---|
| **Закон за организиран криминал** | 2 OK | **Член 2 Цел**<br>Спречување и борба против организираниот криминал преку откривање, идентификување, заплена и конфискување на незаконски стекнат имот од лица осомничени за учество во организиран криминал, како и утврдување на начините на употреба на овој имот. |
| Финансиски истраги | 4, 6 OK | **Член 4 Предмет на истрага**<br>1. Истрагите се вршат за платежни средства, имот, економски активности, животен стил, и извори на приходи на лицето за кое станува збор во член 3 од овој Закон...<br>3. Истрагата и судскиот процес според овој Закон се поддржани во применливите одредби на граѓанската и управна постапка покрај оние одредби посебно наведени во овој Закон.<br>**Член 6 Обврска за предавање на информации и документи** |
| Привремена конфискација | 7, 9, 10 OK | **Член 7 Привремена заплена**<br>1. Кога постои вистинска и конкретна опасност од губење, несоодветно располагање или оттуѓување на фондови, актива, и друг имот за кои примената на мерката конфискација согласно одредбите од овој Закон е предвидена, обвинителот може да побара судот да нареди нивна претходна |

| | | |
|---|---|---|
| | | заплена, дури и пред отпочнувањето на судскиот процес.<br>...<br>**Член 9 Привремена забрана за управување и располагање со имотот**<br>1. Кога постојат доволно податоци за да се одлучи дека располагањето со имотот и вршењето на економските активности дефинирани во член 8 ја олеснуваат активноста на лицето осомничено согласно овој Закон или лицата против кои е отпочната кривична постапка за едно од кривичните дела наведени во членовите 109, 109/б, 110/а, 114/б, 128/б, 278/а, 282/а, 283, 283/а, 284/а, 284/в, 284/ç, 287, 333, 333/а и во Поглавјето VII Од Кривичниот Закон, судот наредува, по барање на обвинителот, привремена забрана за управување и раполагање[6] со активата и имотот кои се употребени, директно или индиректно, за вршење на вакви економски активности.<br>...<br>3. Со одлука донесена согласно точка 1, судот исто така назначува еден или повеќе управители од списокот на експерти на Агенцијата...<br><br>**Член 10 Заплена**<br>1. Кога постои вистинска и конкретна опасност дека активностите и имотот наведен во член 9 ќе бидат загубени, несоодветно искористени или оттуѓени, обвинителот може да побара од судот да нареди заплена, во согласност со наведеното во одредбите на овој Закон. |
| | | |
| Жалба/ постапка за докажување на законското потекло | 8, 13, 28 | |
| Управување | 20 и сл. ОК | **Агенција за управување со запленет и конфискуван имот**<br>Агенцијата е одговорна само за случаи на организиран криминал!<br>Се уште не е функционална (нема подзаконски акти) |
| Конфискација | 24 - 26 ОС | **Член 24 Барање за конфискација на запленетиот имот**<br>Мерката конфискација се изрекува по барање на обвинителот, кој доставува до судот причини врз основа на кои го заснова барањето.<br><br>**Член 25 Одлука на судот за конфискација**<br>1. Во рок од три месеци... судот наредува конфискација на запленетиот имот чие законско потекло не е потврдено. ...<br><br>**Член 26 Отфрлање на барањето за конфискација**<br>Судот го отфрла барањето за конфискување на имотот и ја укинува мерката за заплена, дури и по сопствена иницијатива, кога<br>а) податоците не се доволни за да се докаже учеството на осомниченото лице во криминалните активности за кои станува збор во член 3 од овој Закон;<br>б) ќе се утврди дека запленетиот имот е со незаконско потекло;<br>в) ќе се утврди дека запленетиот имот не е директно, или индиректно, во целост или делумно, сопственост на осомниченото лице. |

6

| | | |
|---|---|---|
| Проширена конфискација | 8, 13 ОК | **Член 8 Проширување на истрагата на предмети кои се под закана на криминалните организации**<br>Кога постојат доволно податоци да се утврди дека сопственоста врз предметите и вршењето на одредени економски активности се под закана или влијание на криминална организација или се во таква состојба која може да ја олесни активноста на лицата кои се осомничени согласно овој Закон, обвинителот бара од судот да го присили лицето кое се смета за сопственик или кое поседува актива или имот од било кој вид со вредност која не е во согласност со неговиот приход или економска способност, со цел да ја потврди законитоста на потеклото.<br><br>**Член 13 Критериуми за заплена на имот**<br>1. На барање на обвинителот, и наведувајќи ги соодветните причини, судот наредува заплена на имотот за кој постојат податоци дека истиот можеби е во директна или индиректна сопственост на лице за кое се водат истраги согласно овој Закон, кога:<br>а) неговата вредност не е сразмерна со пријавениот приход или економската дејност која ја врши лицето;<br>б) врз основа на доволно податоци, постојат доброосновани причини да се верува дека овие предмети се резултат на незаконски активности или истите се инвестиција која произлегува од нив.<br>2. Обвинителот може да побара судот да го присили лицето против кого се водат истраги, или оние кои се сметаат за сопственици на актива или имот од било кој вид чија вредност не е сразмерна со пријавениот приход или економската дејност која ја врши лицето да го докажат законитото потекло на имотот. |

## 2.2 Босна и Херцеговина

### 2.2.1 Постоечко законодавство[7]

Со Босна и Херцеговина раководат локалните (ентитети и федерација) институции и (Канцеларијата на) Високиот Претставник, кој исто така има законодавна моќ.

Секој ентитет (Федерацијата Босна и Херцеговина, Република Српска и Областа Брчко) има свое кривично законодавство, кое во основа треба да биде во согласност со државното (федерално) законодавство. Овој документ се однесува на законодавството на државата Босна и Херцеговина. Законот за кривична постапка на Република Српска има посебни одредби кои се однесуваат на организираниот криминал (член 504-а до 504-л), следејќи го примерот на српскиот ЗКП. Во моментов, единствена државна агенција за спроведување на законот е Државната агенција за истраги и заштита – СИПА, која беше формирана во 2004 година, но и покрај тоа, напорите на ЕУ да се централизираат полициските сили на ентитетите не беа успешни, што резултираше со одредени проблеми во нивната соработка.

Реформите во кривичното (процесно и материјално) законодавство во 2003 година воведоа многу измени: укинување на судската истрага, истрага водена од страна на обвинител, признавање на вина, и молба за преговарање и признавање на вина[8] и слично. Недостатокот од соодветна обука, особено за обвинителите и судиите резултираше со одредени потешкотии во примената на „новиот" закон во праксата. Ова особено се поврзува со прифаќањето на новата улога и односот помеѓу обвинителството и полицијата.

Босна и Херцеговина ја потпиша Конвенцијата за перење, следење, заплена и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела на 30 март 2004 година.

**Конфискација**

**Член 74** од КЗ ја дефинира конфискацијата на предмети кои се употребуваат или се наменети за вршење на кривично дело, или кои се резултат од вршењето на кривичното дело. Ова е заштитна мерка за која одлука донесува судот. Предметите исто така може да бидат конфискувани во случаи кога тие не се сопственост на сторителот, доколку тоа е потребно заради интересите на општата безбедност и моралот. Трети лица имаат можност да поднесат барање за надомест на штета.

**Член 110** од КЗ ја дава основата за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела: никој не смее да држи кај себе имот стекнат преку вршење на кривични дела. Имотот ќе биде конфискуван со судска одлука со која се утврдува дека тоа кривично дело е извршено.

**Член 111** од КЗ го утврдува начинот на конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. Имотот стекнат преку вршење на кривични дела може да се состои од пари, вредни предмети и друг вид на економска вредност (предмети, права, движен и недвижен имот) и придобивки кои произлегуваат од имот стекнат преку вршење на кривични дела.

Конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела е исто така можна од страна на трето лице во случаи кога имотот е пренесен на тоа лице без надомест, или со надомест кој

---

[7] Кривичен закон на Босна и Херцеговина (Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 3/03)
Закон за кривична постапка на Босна и Херцеговина (Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 36/03)
Закон за полициски службеници на Босна и Херцеговина (Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 27/04)
Закон за државната агенција за истраги и заштита (Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 27/04)
Закон за спречување перење пари (Службен весник на Босна и Херцеговина бр. 29/04).
[8] Член 231 од ЗКП.

не е сразмерен со вистинската вредност, според услови кои му биле предочени на лицето или кои требало да му бидат предочени дека тој имот е стекнат преку вршење на кривични дела.

Судот може да побара обвинетото лице да ја исплати паричната сума која соодветствува на вредноста на имотот стекнат преку вршење на кривични дела (конфискација заснована на вредност).

**Член 112** од КЗ го дефинира односот меѓу мерката за конфискација на имот стекнат со вршење на кривично дело и барањето за имот на лицето оштетено од кривичното дело. Судот изрекува конфискација на материјални придобивки кои ја надминуваат сумата наведена во барањето за имот на оштетената страна.

**Постапка за конфискување на имот**

Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривични дела ја изрекува судот преку судска пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен, но исто така и во одлуката за примена на корективни мерки, или во пресуда во која се утврдува дека обвинетото лице извршило кривично дело во состојба на ментална неспособност. Судот ги наведува предметите или ја утврдува висината на конфискуваните парични средства (член 396 од ЗКП).

Судот може да ја утврди вредноста на стекнатиот имот по пат на слободна проценка на доказите, во случај кога неговата проценка се поврзува со несразмерни потешкотии или со значително одложување на постапката (член 394 од ЗКП).

**Финансиска истрага**

Финансиската истрага не е посебно дефинирана со законот. Врз основа на член 392 од ЗКП, имотната придобивка е утврдена во кривична постапка по службена должност. Обвинителот е должен да собира докази во текот на постапката и да ги испита околностите кои се важни за да се утврди дека имотот е стекнат преку вршење на кривично дело.

Член 72 ја дава законската основа за пристап до банкарски податоци. Во прелиминарната постапка, судијата (кога постојат основи за сомневање), по предлог на обвинителот, може да нареди на банката или друго правно лице кое врши финансиски активности да достави податоци кои се однесуваат на банкарските сметки на осомниченото лице и други поврзани со него лица. Во итни случаи, истото ова може да го нареди обвинителот, кој е обврзан да го информира судијата веднаш за истото, така што судијата ќе може да издаде наредба во рок од 72 часа. Наредбата за следење на банкарските сметки не е посебно регулирана.

**Времени мерки** (**заплена, забрана за употреба**)

**Запленета на предмети и докази** се изрекува од страна на прелимарниот судија на постапката, по предлог на обвинителот или овластениот службеник со предходно добиено одобрување од страна на обвинителот (член 65 од ЗКП). Предметите може да бидат запленети дури и без судска одлука, ако постои опасност од одложување, но обвинителот е должен да достави барање до судијата за одобрување во рок 72 часа (член 66 од ЗКП).

Врз основа на член 72 од ЗКП, судот може да нареди на правното или физичко лице да се замрзнат финансиските трансакции за кои постои сомнеж дека се поврзуваат со кривично дело или постои сомнеж дека се наменети за вршење на кривично дело или служат за прикривање на кривично дело или го прикриваат имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Врз основа на предлогот на обвинителот, судот може да нареди заплена на

финансиските средства или готовина и истите да бидат депонирани на посебна сметка и да се чуваат се до крајот на постапката.

Времената мерка за **заплена на незаконски стекнатиот имот** е утврдена во член 73 од ЗКП кој ја дава основата исто така за другите неопходни мерки за спречување на кој било вид на употреба, трансфер или располагање со таквиот имот. Судот изрекува времена мерка по предлог на обвинителот, а мерката може да биде изречена во било кое време во текот на кривичната постапка. Во случај на опасност од одложување, запленета и другите мерки може да бидат извршени од страна на овластено службено лице (полициска служба). Обвинителот мора да биде известен веднаш и да побара одобрение од судот во рок од 72 часа.

Член 395 предвидува времени заштитни мерки. Судот е обврзан да ги дефинира времените заштитни мерки, дури и по службена должност и да ги примени одредбите кој се применливи во судската постапка. Во пракса, најчести мерки се мерките за забрана за употреба (продажба), заплена и депонирање на готовина и замрзнување на пари на банкарска сметка на осомниченото или обвинето лице.

**Управување**

Запленетиот имот се складира во судот или негова заштита е обезбедена на некој друг начин (член 70). Прашањето за управување со запленети предмети (имот) не е соодветно решено, бидејќи дадената одредба не се однесува на сите проблеми кои се поврзуваат со управувањето со запленетиот имот. Не постои специјализирана институција за управување.

2.2.2. Проширена конфискација

Член 110/3[9] е новитет и со него се утврдува дека судот може да го конфискува имотот стекнт преку вршење на кривично дело преку посебна постапка, ако постои веројатна причина да се верува дека имотот е стекнат преку вршење на кривично дело и дека сопственикот или имотопоседувачот не е во состојба да обезбеди докази дека имотот е стекнат по законски пат.

Товарот на докажување на законитоста на потеклото на имотот се пренесува на сопственикот или имотопоседувачот на таквиот имот. Законот за кривична постака на Босна и Херцеговина не содржи одредби кои би можеле да се применат за посебната постапка за (проширена) конфискација на имот. Поради тоа, одредбата не се применува во пракса, иако некои судии наведуваат дека тие ја следат целта применувајќи слободна проценка на вредноста на имотот (член 394 од ЗКП).

Воглавно, одредбата овозможува широка примена на проширената конфискација, бидејќи таа не се ограничува на (наведените) одредени тешки кривични дела (начело на пропорционалност). Стандардот на доказите (веројатна причина да се верува) е релативно низок во однос на сомнежот за криминалното потекло на имотот, но истовремено тој е ограничен на едно кривично дело, што може да посочи на потребата од поблиска поврзаност со посебното кривично дело (не повеќе кривични дела), за кое не се води кривично гонење или судска постапка. Претпоставката за незаконско потекло на имотот, која се донесува врз основа на несразмерноста меѓу имотот и пријавениот приход, исто така не се наведува. Стандардот на доказите за осомниченото лице или сопственикот кој треба да го докаже законското потекло на имотот не е прецизен (веродостојност на претпоставка). Поради тоа што не постојат достапни податоци кои се однесуваат на праксата за примена на одредбата,

[9] 110/3 од ЗКП: Судот исто така може да ги конфискува придобивките наведени во став 1 од овој член во посебна постапка, ако постои веројатна причина да се верува дека придобивките потекнуваат од кривично дело и дека сопственикот или имотопоседувачот не е во состојба да обезбеди докази дека придобивките се стекнати по законски пат.

тешко да се предвиди поставеноста и идната примена од страна на судовите. Врз основа на јазично толкување на одредбата, практичната примена на истата може да биде проблематична од гледна точка на стандардите за човекови права.

Одредени обиди беа направени за да се обезбеди правна основа за „посебна постапка", која се бара од страна на КЗ, но истите не беа поддржани од страна на Владата. Споменатиот предлог беше изготвен од страна на ирски и американски експерти и ја воведе општата граѓанска постапка која според моето мислење тешко ќе може да се имплементира во постоечкиот континентален правен систем (дури и ако некои Англо-Саксонски инструменти - како што е молбата за преговарање– се вметнати во кривичната постапка).

2.2.3 Изготвување на законодавство

Бидејќи одредбата од член 110/3 од КЗ не се применува во пракса, и поради тоа што се толкува дека за таквата посебна постапка е потребно истата да се регулира, предлогот за посебен закон за проширена конфискација беше веќе ставен на расправа во Босна и Херцеговина, но Владата не го поддржа. Предлогот во голема мера наликуваше на ирскиот модел. Министерот за правда на Босна и Херцеговина (г. Јусуф Халилагиќ) работи на нови предлози за законот.

2.2.4 Институции[10]

**Полиција**
Овластениот службеник (за спроведување на законот) е дефиниран со член 20 од ЗКП: лице со соодветно овластување во рамки на полициските органи во Босна и Херцеговина, вклучително и Државната Агенција за истраги и заштита (СИПА), Државната гранична служба (ДГС), судската и финансиска полиција (иако не постои служба со такво име), како и во рамки на царинските органи, даночната управа[11] и воената полиција. Покрај полициските служби на ентитетите, другите агенции за спроведување на законот имаат ограничен опсег на делување и улоги, одговорност и овластувања во рамки на кривичните истраги и постапка.

**СИПА**[12] е единствената државна агенција за спроведување на законот овластена да постапува на целата територија на Босна и Херцеговина. Нејзина задача е да го утврдува имотот стекнат преку вршење кривични дела во текот на кривичната истрага. Една од нејзините организациони единици, Одделот за финансиско разузнавање (Единицата за финансиски истраги), исто така постапува врз основа на Законот за спречување перење пари.

**Обвинител**
Обвинителот ја води истрагата и е задолжен за собирање докази и испитување на околностите кои се релевантни за утврдување на имотот стекнат во текот на истрагата. Обвинителот може да и нареди на полицијата да врши истражни задачи. Општата улога на обвинителот е дефинирана во член 35 од ЗКП. Овластени службени лица се потребни да

[10] Линкови: www.vijceministara.gov.ba, www.fbihvlada.gov.ba, www.vladars.net, www.bdcentral.net (Влада на Областа Брчко), www.parlament.ba, www.parlamentfbih.gov.ba, www.narodnaskupstinars.net, www.mpr.gov.ba (Министерство за правда на Босна и Херцеговина), www.vladars.net/lt/min/mpr.html (Министерствот за правда на Република Српска), www.fbihvlada.gov.ba/indexx.html (Министерство за правда на Федерацијата Босна и Херцеговина)

[11] Законот за индиректна даночна управа (член 2/б) ја дефинира улогата на индиректна даночна управа на Босна и Херцеговина (ИДУ) (Сектор за примена на царинската и даночна регулатива, Оддел за истраги) во рамки на кривичната постапка, а правилата за полицијата од ЗКП се применуваат и за ИДУ.

[12] Една од задачите во рамки на делокругот на надлежности на СИПА е спречувањето, откривањето и истрагата на кривичните дела кои спаѓаат во рамки на надлежностите на Судот на Босна и Херцеговина, поточно: организиран криминал, тероризам, воени злосторства, трговија со луѓе и други кривични дела против човечноста и тешки финансиски кривични дела.

делуваат во кривичната постапка по наредба на обвинителот, но и независно, во рамки на нивните овластувања (член 218 од ЗКП).

Покрај СИПА, институциите за спроведување на законот и обвинителството немаат специјализирани единици за финансиски истраги. Не постојат бази на податоци ниту статистички податоци за финансиски истраги, времени мерки или извршени конфискации.

**Суд**

Прелиминарниот судија на постапката одлучува за времените заштитни мерки и овозможува пристап до банкарските податоци. Додека член 73 од ЗКП наложува предлогот за таквите мерки да биде доставен од обвинителот (или овластено службено лице, во случај на замрзнување на банкарски сметки), член 395 од ЗКП наложува судот по службена должност да донесе одлука за времените заштитни мерки кога постои можност за губење на имотната корист.

Судот може да изрече конфискација (дефинирајќи ги предметите и висината на паричните средства) во пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен, или во пресуда за примена на корективна мерка и во пресуда со која се утврдува дека обвинетиот извршил кривично дело во состојба на ментално неспособност од која настанале штетни последици.

2.2.5. Заклучоци

Босна и Херцеговина ја воведе истрагата водена од страна на обвинителот.

Најголемиот дел од резултатите од одземањето на незаконски стекната корист во Босна и Херцеговина е постигнат преку молбата за преговори во случаи на перење пари со даночно затајување како предикативно дело. Проблемот е во тоа што конфискацијата на имотот стекнат преку вршење кривично дело е честопати „заборавена" во вакви зделки (целта е казна)! Финансиската истрага се уште не е составен дел од кривичната истрага во праксата.

Непостоењето на јасни законски можности за посебна постапка за проширена конфискација (член110/3 од КЗ) ја забранува примената на постоечките одредби. Недостасува и посебната законска основа за пристап до банкарските податоци. Исто така не е регулирана наредбата за следење на банкарските сметки. Дискусиите покажаа дека сиот имот не беше конфиксуван, туку само пари, откриени на банкарска сметка. Обвинителството и судот ќе побараат можни насоки за вклучување на прашањето за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело во секое признавање на вина.

СИПА се уште не е во целост функционална во вршењето на своите должности како државна агенција за спроведување на законот. Соработката меѓу полицијата и другите агенции за спроведување на законот на ентитетите и понатаму претставува предизвик во одредени случаи.

Непостоењето на Агенција за управување со запленет и конфискуван имот беше истакнато како проблем во праксата.

Не постојат бази на податоци ниту статистички податоци за финансиски истраги, заплена и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело.

Член 110/3 ја воведува можноста за проширена конфискација. Судот може да го конфискува имотот стекнат преку вршење на кривично дело во посебна постапка, ако постои веројатна причина да се верува дека имотот е стекнат преку вршење на кривично дело и дека

сопственикот или имотопоседувачот не е во состојба да обезбеди докази дека имотот е стекнат по законски пат.

Посебна постапка за (проширена) конфискација на имот, утврдена во член 110/3, не е дефинирана. Така, одредбата не се применува во пракса, иако некои судии наведуваат дека тие ја следат целта применувајќи го инструментот на слободна проценка на вредноста на имотот (член 394 од ЗКП).

## 2.2.6 Општ преглед

| **КЗ** | | **Босна и Херцеговина** |
|---|---|---|
| Конфискација | 74, 110, 111 | Член 110: Основа за конфискација на материјална придобивка |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | 111 | Член 111: Начини на конфискација на материјална придобивка |
| Конфискација заснована на вредност | 111/1 | |
| Трети лица | 111/1 | |
| Правни лица | yes | Види член 396/3 од ЗКП |
| Проширена конфискација | 110/3 | Член 110/3: судот исто така може да ја конфискува придобивката наведена во став 1 од овој член во посебна постапка ако постои основана причина да се верува дека придобивката потекнува од кривично дело и дека сопственикот или поседувачот не е во можност да изнесе докази дека придобивката е стекната по законски пат. |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 392/2 | Член 392: заплена на имот стекнат преку вршење на кривични дела<br>Имотната корист стекната преку вршење на кривични дела ќе се утврди во кривична постапка по службена должност. Обвинителот е должен да собира докази во текот на постапката и да ги испита околностите кои се од значење за да се утврди имотната придобивка стекната преку вршење на кривични дела. |
| ПИМ | 116, 117 | |
| Пристап до банкарски податоци | 72/1 | |
| **Привремена конфискација** | 65, 66 72, 73, 395 | Заплена на предмети<br>Член 73: Привремена заплена на незаконски стекната имотна придобивка и забрана за употреба на имотот<br>.... Во било кое време во текот на постапката, судот може, на предлог на обвинителот, да изрече времена мерка за заплена на незаконски стекнатиот имот согласно Кривичниот закон на Босна и Херцеговина, забрана за употреба или да ги преземе сите други неопходни времени мерки за спречување употреба, пренесување или располагање со таквиот имот... |
| Замрзнување на банкарски сметки | 72/4 | Член 72: Наредба изречена на банка или друго правно лице |
| Жалбена постапка | | Член 395: Времени заштитни мерки<br>...Кога заплена на имотната корист стекната преку вршење на кривично дело е можна, судот, по службена должност и согласно одредбите применливи во судската постапка, ќе ги одреди времените заштитни мерки. Во ваков случај, одредбите од Член 202 од овој Закон ќе се применат.... |
| Управување | 70 | Член 70: Чување на запленетите предмети и документација<br>... ќе бидат депонирани во Судот... |
| **Конфискација** | 396 | Член 396: Содржината на одлуката со која се изрекува мерка за заплена на |

| | | |
|---|---|---|
| | | имотната корист |
| Слободна проценка на вредноста од страна на судијата | 394 | |
| **Посебни закони** | | Посебна постапка е предвидена за проширена конфискација (Член 110/3 од КЗ). Се уште истата не е дефинирана. |
| | | **Институции (специјализирани)** |
| Криминалистичка полиција | | СИПА (државна полиција), полициски служби на ентитетите, царинска управа, даночна управа |
| Даночна управа | 20 | Полициски овластувања |
| Обвинителство | | Член 218: Обвинител ја надгледува работата на овластените службеници |
| Судови | | |

## 2.3 Хрватска – Профил на земјата

### 2.3.1 Постоечко законодавство[13]

Проширената конфискација е регулирана со последните измени на Кривичниот закон во 2006 година (член 82/2). Концептуалните измени на Законот за кривична постапка (ЗКП) се во фаза на подготовка. Предлогот се очекува до крајот на 2007 година. Судската истрага ќе биде укината. Посебна законска основа за времените заштитни мерки за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела е предвидена со Законот за Управата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК). УСКОК е специјализирана единица во рамки на Канцеларијата на државниот обвинител.

**Конфискација**

Член 80 од Кривичниот Закон ги дефинира заштитните мерки за конфискација (заплена) на предметите кои биле наменети за употреба или биле употребени за вршење на кривично дело или кои произлегуваат од кривично дело, кога постои опасност дека предметите ќе бидат повторно употребени за вршење на кривично дело или за цели по јавната безбедност или од морални причини.

Член 82 од Кривичниот закон ја регулира задолжителната конфискација на непосредниот и посреден имот стекнат преку вршење на кривично дело од сторителот, согласно судската одлука. Имотот стекнат преку вршење на кривично дело исто така може да биде конфискуван и од трето лице или правно лице, доколку истиот не е стекнат по законски пат.

Закон за одговорност на правните ентитети во кривичните дела од 2004 година утврдува корпоративна кривична одговорност и санкционирање на незаконското постапување преку кое правното лице се стекнува со незаконски имот за себе или за трето лице. Одредбата од член 20 од наведениот Закон утврдува заколжителна конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело од правното лице.

Конфискацијата заснована на вредност е регулирана со член 82/2 од КЗ и член 20/4 од Законот за одговорност на правните ентитети во кривичните дела. Барањето за сопственост на жртвата е регулирано со член 82/4 од КЗ и член 464/3 од ЗКП.

Членовите од 463 до 471 од Законот за кривична постапка (ЗКП) ја утврдуваат постапката за конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело.

Судот наредува конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело со одлука, прогласувајќи го обвинетиот за виновен за кривичното дело за кое е пријавен (член 468/1 од ЗКП). Предметите или паричната сума која треба да се конфискува треба да биде наведена во одлуката. Судот може да ја утврди висината на имотната корист која треба да се конфискува согласно неговото дискреционо право, кога проценката би предизвикала несоодветни потешкотии или значително одложување во постапката (член 466 од ЗКП).

[13] Кривичен закон (Службен весник 110/97, 27/98, 50/00, 51/01, 105/04, 84/05, 71/06).
Закон за кривична постапка (Службен весник 110/97, 58/99, 112/99, 58/02 и ревидиран текст 62/03).
Законот за Управата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (Службен весник 88/01, 12/02, 33/05, 48/05).
Закон за спречување перење пари (Службен весник 69/97, 106/97, 67/01, 114/01).
Закон за одговорност на правните ентитети во кривични дела (Службен весник 151/03)
Закон за заштита на сведоци (Службен весник 163/03).
Закон за извршување (Службен весник 57/96, 29/99)
www.vsrh/hr/EasyWeb.asp?pcpid=366

Правата на третите лица или правните лица на кои имотот стекнат преку вршење на кривично дело им бил пренесен се заштитени во текот на пред-судската и судска постапка. Тие мора да бидат повикани за испрашување и имаат право да предложат докази и да поставуваат прашања во текот на главното сослушување (член 465 од ЗКП).

**Финансиски истраги**

Финансиските истраги не се посебно дефинирани во кривичното законодавство. Законската основа може да се најде во член 464 од ЗКП, кој гласи дека имотната корист се определува во кривичната постапка по службена должност. Судот и другите органи кои ја водат кривичната постапка се должни да обезбедат докази и да ги истражат околностите релевантни за утврдување на имотот стекнат преку вршење на кривично дело.

Законска основа за пристап до релевантните податоци за финансиската истрага за време на предистражната (полициска) фаза може да се најде во член 186 (177) од ЗКП (општи овластувања на полицијата) и член 174/3 (овластувања на обвинителот).

Пристапот до банкарските податоци е регулиран со член 219 од ЗКП. Истражниот судија може да подара од банката да достави информации за банкарските сметки на обвинетото лице или кое било друго лице за кое е поведена постапка за конфискување на имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Истражниот судија исто така може да и нареди на банката да ги открие тие податоци во предистражната (полициска) фаза ако имотот се поврзува со кривични дела извршени од страна на група или криминална организација, или кривични дела на злоупотреба на дрога, или кривични дела за кои казна затвор со времетраење од повеќе од три години може да се изрече (член 219/3 од ЗКП).

**Времени мерки**

Истражниот судија (за време на истрагата) или судот (во текот на судската постапка), по службена должност, може да изрече наредба за примена на времени заштитни мерки, кога конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело е се уште во фаза на разгледување, согласно одредбите од извршната постапка (член 467 од ЗКП). Законот за извршување ги дефинира времените заштитни мерки во извршната постапка во членовите 297-299 (забрана за располагање, заплена, ...).

Судот може да нареди замрзнување на финансиските трансакции, за кои постои сомнение дека претставуваат кривично дело, постои сомнение дека прикриваат кривично дело или имот стекнат преку вршење на кривично дело. Замрзнатите пари се депонираат на посебна сметка и се чуваат се до завршувањето на постапката, или се до исполнување на условите за нивно враќање (член 219/5 и 6 од ЗКП). Следењето на банкарските сметки не е регулирано со ЗКП.

Судот може да нареди времена заплена на предмети, кои мора да бидат запленети согласно КЗ или претставуваат доказ (член 218 од ЗКП). Врз основа на одредбата од член 218/8, полицијата исто така може да ги заплени предметите при извршувањето на своите овластувања, врз основа на член 186 (општи овластувања на полицијата) и 196/1 од ЗКП (итни истражни мерки). Одредбата се толкува на начин што полицијата не смее да запленува имот стекнат преку вршење на кривично дело, само ако истиот не претствува доказ за извршено кривично дело. Одредени предмети не се предмет на заплена (член 218/3 од ЗКП).

Член 463 ги утврдува правилата за конфискација (заплена) на предмети во случај кога кривичната постапка не завршува со обвинителна пресуда, заради јавната безбедност или заштита на честа и угледот на граѓаните.

Ограничувањето во примената на времените мерки во текот на предистражната постапка треба да се разгледа во новиот ЗКП. Исто така, непостоењето на одредби за управување (и продажба) со запленети и конфискувани предмети и имот стекнат преку вршење на кривично дело треба да се реши. Формирање на Агенција за администрација и управување е пожелно за да се следат добрите примери од некои европски земји.

**Закон за УСКОК**

Законот за Управата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК) ја утврдува организацијата и одговорноста на УСКОК, соработката со другите државни служби, како и надлежноста на судовите и времените заштитни мерки за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело. УСКОК е специјализирана служба во рамки на обвинителството, одговорна за гонење на тешки кривични дела и утврдување на имот стекнат преку вршење на кривично дело.

Примената на законот и одговорностите на УСКОК се ограничени на низа (тешки) кривични дела (член 21). Посебната постапка за пристап до банкарските податоци (член 42а) и времените заштитни мерки за подоцнежна конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело се дефинирани во членовите 44-56. Што се однесува до времените заштитни мерки, правилата за извршна постапка се применуваат (член 44/1). Конфискацијата сама по себе не е регулирана со Законот за УСКОК, поради тоа што конфискацијата е изречена во текот на кривичната постапка.

УСКОК може да побара банката да обелодени релевантни податоци за банкарските сметки доколку одредени услови се исполнети (член 42а). Ако банката одбие да обелодени банкарски податоци, УСКОК можа да побара од истражниот судија да издаде наредба. Судот исто така може да издаде наредба за следење на банкарските трансакции (член 42а/4).

Времените заштитни мерки ги изрекува судот, кој има надлежност врз основа на член 24 за кривичните дела наведени во член 21, на доброоснован предлог на УСКОК. Постапката е итна и може да биде иницирана пред да започне кривичната постапка. Вредноста на имотната корист од наведените кривични дела може да се утврди во согласност со правилата од граѓанска постапка.

Судот наредува времени заштитни мерки ако постојат основи да се верува дека придобивката или имотот е стекнат директно или индиректно од наведените кривични дела, ако вредноста надминува 100 000 хрватски круни, и ако постои опасност во текот на кривичната постапка сторителот да ја отежни или оневозможи конфискацијата (член 50/1). Заштитните мерки се дефинирани во Законот за извршување. Замрзнувањето на банкарските сметки е регулирано во член 50/5 (изменет во 2005 година). Одлуката на судот за времените мерки мора да биде потврдена во рок од 21 ден. Во текот на тој период, судот ги повикува страните, кога сопственикот може да докаже дека условите наведени во член 50/1 не постојат (член 52/3). Товарот за докажување е кај сопственикот само во врска со времените заштитни мерки. Мерките можат да бидат продолжени за период од шест месеци и можат да траат најмногу една година. Ако кривичната постапка не е започната во текот на една година, судот ќе ја поништи одлуката на предлог на сопственикот на заштитениот имот.

Беше наведено дека УСКОК ги применува одредбите во пракса, а исто така постави стандарди со кои секој полициски извештај за кривично дело мора да обезбеди податоци за имотната корист на осомниченото лице и за имотот кој може да се конфискува (извештај за финансиски истраги).

### 2.3.2 Проширена конфискација

Проширената конфискација беше воведена со измените на Кривичниот закон во 2006 година[14]. Беше наведено дека одредбата не е јасна за обвинителите и дека дополнителни процедурални правила (ЗКП и Законот за УСКОК) се потребни за нејзина примена во пракса.

Јазичното толкување покажува дека обвинителството треба да ја утврди поврзаноста (основано верување) меѓу конкретното кривично дело, извршено од страна на група луѓе или криминална организација; да утврди дека стекнатиот имот (корист) е временски поврзан со конкретното кривично дело; и да покаже дека законското потекло на стекнатиот имот не може да се утврди.

Товарот на докажување на законското потекло не е буквално пренесен на обвинетото лице, што значи дека обвинителот исто така ќе мора да го истражува потеклото на имотот (користа), но тоа не го спречува обвинетиот да обезбеди докази за законското потекло на имотот.

Примената на одредбата е ограничена само на конкретното кривично дело (за она кое постои кривично гонење), извршено од страна на група луѓе или криминална организација. Воспоставувањето на ваква врска може да претставува потешкотија во праксата, поради тоа што криминалните групи не се ограничуваат само на вршење на еден вид кривични дела (постојаност). Поширокото значење на дефиницијата на поимот кривични дела може да даде подобри можности. Покрај тоа, ограничувањето во однос на групата луѓе или криминалната организација може да биде премногу ограничувачка во праксата, во случаи кога не постои можност сите (или повеќето) учесници во вршењето на кривичните дела да бидат откриени, ниту пак може да се докажат нивните улоги во кривичната постапка.
Судската пракса мора да даде одговори на овие прашања  но и на прашањето за стандардите на доказите (основано верување) за поврзаноста меѓу кривичното дело и имотот.

Но прашање е исто така дали одредбата ќе може да се користи за имотот кој бил стекнат пред усвојувањето на Законот.

### 2.3.3 Изготвување на законодавство

Концептуалните измени на Законот за кривична постапка (ЗКП) се во фаза на подготовка од страна на работната група формирана од Министерството за правда, и истите се очекува да бидат изготвени до крајот на 2007 година. Судската истрага ќе биде укината. Одредби за управување со запленети и конфискувани предмети и имот може да се воведат.

### 2.3.4 Институции

**Полиција**
Одделот за финансиска полиција во рамки на криминалистичката полиција (КП) ја има главната улога во водењето на финансиските истраги и утврдувањето на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. Исто така, Одделот е одговорен за истраги за перење пари. Одделот обезбедува помош во поголемите случаи, за кои финансиската истрага се води во соработка со други единици во рамки на КП. Одделот ги координира финансиските истраги и дава поддршка на регионалните криминалистички полициски единици.

---

[14] Во член 82, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:
„(2) За имотна корист (имот стекнат преку вршење на кривично дело) од став 1 од овој член исто така се смета и онаа корист која ја стекнала групата луѓе или криминалната организација која е во временска врска со вршењето на кривичното дело и за која постојат основи да се верува дека потекнува од тоа кривично дело, поради тоа што нејзиното законско потекло не може да се утврди.“ Со ова, постојните ставови 2.,3., и 4. сега стануваат 3., 4., и 5..

Предлогот од 2007 година за формирање на специјализирана единица во рамки на криминалистичката полиција, одговорна исклучиво за водење финансиски истраги, не беше поддржан. Преговорите за најдобар пристап за специјализација се се уште во тек.

Општите полициски овластувања се регулирани во член 186 од ЗКП, кои, преку пристапот до податоците кои се важни за кривичната постапка, ја даваат законската основа за финансиски истраги.

**Обвинителство**
Во системот на судската истрага, обвинителот ја води предистражната (полициска) постапка. Истражните мерки во текот на предистражната фаза ги изрекува истражниот судија, на предлог на полицијата или обвинителот.

Согласно член 42 од ЗКП, обвинителот ги презема неопходните мерки кои имаат за цел откривање на извршеното кривично дело и сторителите, врши истрага во однос на кривичното дело, наредува и доверува примена на индивидуални истражни активности и мерки кои имаат за цел собирање на податоци релевантни за водење на кривичната постапка. Обвинителот може да побара од банките, организациите или други правни лица да доставаат податоци, со исклучок на оние податоци кои се заштитени како тајни податоци (член 174 од ЗКП).

**Управа за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал**
УСКОК е специјализирана единица во рамки на Канцеларијата на Државното обвинителство. Беше формирана со Законот за УСКОК во 2001 година. УСКОК е одговорна за истраги и гонење на наведените (тешки) кривични дела, како и за следење и заплена на имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Систематизирани податоци и статистички податоци за спроведени финансиски истраги и времени заштитни мерки не се евидентираат од страна на полицијата ниту од обвинителите. Како и да е, многу случаи беа споменати за кои беа изречени времени мерки. УСКОК обезбеди податоци за конечната пресуда во 2006 година, кога имотот стекнат преку вршење на кривично дело беше конфискуван, и некои случаи за кои привремени мерки беа изречени по предлог на УСКОК.

2.3.5 Заклучоци

Формирањето на посебен оддел за финансиски инстраги во рамки на криминалистичката полиција е се уште во фаза на разгледување, поради тоа што предлогот за формирање на посебна единица не беше усвоен во 2007 година.

УСКОК има поголеми можности за борба против организираниот криминал и корупцијата, согласно Законот за УСКОК, вклучително и посебните правила за времени заштитни мерки за подоцнежна конфискација на директниот или индиректен имот стекнат преку вршење на наведените кривични дела.

Нема статистички податоци ниту податоци за финансиски истраги и привремени конфискации кои се евидентираат во полицијата и во обвинителството. Управувањето со запленетите предмети и имот се идентификува како вистински проблем во праксата. Законската основа за формирање на агенција за управување со запленети предмети и имот е во фаза на преговори.

**Финансиската истрага** не е посебно дефинирана со ЗКП ниту во Законот за полиција. Следењето на банкарските сметки е овозможено само за случаи кои се во надлежност на Законот за УСКОК.

**Времените мерки** во предистражната фаза се овозможени кај одредени случаи согласно ЗКП. Законот за УСКОК дава поголеми можности и ја предвидува граѓанската постапка за донесување одлука за времени заштитни мерки.

**Проширената конфискација** беше воведена во 2006 година (член 82/2 од КЗ), но се уште не е „испробана" во пракса. Прашањата во однос на текстот на новата одредба наведуваат на одредени проблеми во поглед на премногу ограничувачкото толкување за нејзина употреба во пракса. Исто така прашањето е дали одредбата може да се примени за конфискација на имот кој бил стекнат пред усвојувањето на законот.

### 2.3.6 Општ преглед

| **КЗ** | | **Хрватска** |
|---|---|---|
| Конфискација | 80, 82 | Член 80: Заплена на предмети<br>Член 82: Конфискација на материјална придобивка стекната преку вршење на кривични дела |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | ? | Не е посебно дефиниран |
| Конфискација заснована на вредност | 82/2 | Да се исплати еквивалентна сума на пари |
| Трети лица | 82/3 | |
| Правни лица | 20 | Член 20 од Законот за одговорност на правните ентитети за кривични дела: Конфискација на незаконски стекнат имот<br>(2) Незаконски стекнатиот имот наведен во став 1 од овој дел значи било какво зголемување или спречување на намалување на имотот на правниот ентитет кој произлегува од вршење на кривично дело. (...) |
| Пширена конфискација | 82/2 нов | Како имотна корист (имот стекнат преку вршење на кривично дело) од став 1 на овој Член исто така се смета и имотот стекнат од страна на група на луѓе или криминална организација, која е во временска врска со вршењето на кривичното дело и за кој постои основано верување дека потекнува од кривично дело, бидејќи неговото законско потекло не може да се утврди. |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 464/2<br>174 | (2) Судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка, во текот на постапката ќе обезбедат докази и ќе ги испитаат околностите кои се од значење за утврдување на материјалната придобивка. |
| ПИМ | Да | |
| Предистражна фаза | ?,<br>219/3 | |
| Пристап до банкарски податоци | 219/3 | Член 219 (нов 234)<br>(3) Истражниот судија може да побара од банката да му се достават информации за банкарските сметки на обвинетото лице или друго лице против кое се водат постапки за конфискација на метеријалната придобивка стекната како последица на вршење на кривично дело.<br>Такво барање може да се достави дури и пред започнувањето на истрагата или пред отпочнувањето на постапката за конфискација на материјалната придобивка ако се чини дека постои можност парите ставени на тие банкарски сметки да се стекнати преку учество во вршење на кривични дела извршени од страна на група... или криминална организација... или кривично дело злоупотреба на дрога... кои се казнуваат со казна затвор со времетраење од три или повеќе години. |
| **Привремена конфискација** | 218 предмети<br>467 имот<br><br>297-299 Закон | Член 218 (нов 233): Привремена заплена на предмети<br>(1) Предметите кои, согласно Кривичниот закон, мора да се запленат или кои може да се употребат за да се утврдат фактите во постапката...<br>Член 467 (нов 486)<br>Кога конфискацијата на материјалната придобивка е во фаза на разгледување, судот, по службена должност и согласно одредбите кои се однесуваат на извршната постапка, ќе изрече времени заштитни мерки. Во ваков случај, одредбите од Член 136 (нов 142), став 2 од овој Закон ќе се применат соодветно. |

| | | |
|---|---|---|
| | за извршување | |
| Предистражна фаза | 218/8 | Член 218 (8) Полициските службеници може да ги запленат предметите ... кога се постапува согласно одредбите на Член 186 и Член 196, став 1 од овој Закон или кога се извршува судски налог. |
| Замрзнување на банкарски сметки | 219/5 | Член 219/5 Судот може да му нареди, со одлука, на поединецот или на правното лице, да го одложи привремено вршењето на финансиските трансакции ако постои сомневање дека тоа претставува кривично дело или дека служи за прикривање на кривично дело или за прикривање на имот стекнат како резултат од вршењето на тоа кривично дело. |
| Жалбена постапка | | |
| Управување | 219/6 | Член 219/6 ...финансиски средства ... ќе бидат депонирани на посебна сметка и ќе се чуваат се до завршувањето на постапката или се до исполнувањето на условите за нивно враќање. |
| **Конфискација** | 468<br><br>463 (предмети) | Член 468 (нов 487): (1) Судот може да нареди конфискација на материјалната придобивка со одлука во која обвинетиот се прогласува за виновен за кривичното дело за кое се терети. ...<br>Член 463 (нов 482): (1) Предметите кои мора да се запленат согласно Кривичниот закон, исто така ќе бидат запленети и кога кривичната постапка нема да заврши со обвинителна пресуда, само ако ова е потребно заради јавната безбедност или заради заштита на честта и достоинството на граѓаните. ... |
| **Постапка** | 465<br>469-471 | Член 465 (нов 484): (1)... лицето на кое материјалната придобивка е пренесена, како и застапникот на правниот ентитет, ќе биде повикано на распит во предистражната постапка и за време на судската постапка. Сослушувањата ќе се одржат и во нивно отсуство. ... |
| Слободна проценка на вредноста од страна на судијата | 466 | Член 466 (нов 485): Висината на материјалната придобивка ќе се утврди преку дискреционото право на судот секогаш кога нејзината проценка доведува до несоодветни потешкотии или значително одложување на постапката. |
| **Извршување** | | |
| **Посебни закони** | | Закон за Управата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК) |
| **Линкови** | | www.vsrh.hr/EasyWeb.asp?pcpid=366 |
| **Institutions (specialized)** | | |
| Министерство за внатрешни работи | | Криминалистичка полиција |
| Обвинител | | Управа за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК) |

| | | **Закон за Управата за сузбивање на корупцијата и организираниот криминал (УСКОК)** |
|---|---|---|
| **Финансиски истраги** | 21<br>44 | Ограничен само за низа кривични дела (Член 21) |
| ПИМ | ДА | |
| Предистражна фаза | ДА | Член 44/2: Граѓанска постапка |
| Пристап до | 42а | |

| | | |
|---|---|---|
| банкарски податоци | | |
| Наредба за следење | 42а/4 | |
| **Привремена конфискација** | 44-56<br><br>50/1<br>52/3 | Член 50<br>(1) Судот, на предлог на Управата, ќе изрече наредба за примена на заштитни мерки за заплена на средства, имот или актива кои потекнуваат од кривичното дело наведено во Член 21 од овој Закон:<br>1. ако постои основа за сомнение дека средствата, имотот или активата, директно или индиректно, потекнуваат од кривичното дело наведено во Член 21 од овој Закон;<br>2. ако вредноста на таквите средства, имот или актива не надминува 100,000,00 Куни;<br>3. ако постојат основи за сомнение дека сторителот наведен во Член 21 од овој Закон, пред почетокот на кривичната постапка, или за време на кривичната постапка, ќе спречи или значително ќе ја отежне запленета на таквите средства, имот или актива кои потекнуваат од кривичното дело наведено во Член 21 од овој Закон.<br>(2) Како заштитна мерка, судот може да одреди една или повеќе мерки предвидени во Законот за заплена ... |
| Предистражна фаза | | |
| Замрзнување на банкарски сметки | 50/5 нов | |
| Жалбена постапка | 44/2<br><br>46,47<br><br>53-55 | Член 44<br>(1) ... постапката во која Управата и судовите, преку претходни или привремени мерки (заштитни мерки), ги заштитиле средствата, имотот или активата кои потекнуваат од кривичното дело наведено во член 21 од овој Закон.<br>(2) Постапката наведена во став 1 погоре не претставува кривична постапка, а истата вклучува соодветна примена на одредба од Законот за извршување (Службен весник на Република Хрватска бр. 57/96 и 29/99), освен ако не е поинаку наведено.<br>(3) Конфискацијата на средствата, имотот и активата наведена во став 1 погоре ќе се изврши согласно одредбите за заплена на имот содржани во Законот за кривична постапка.<br>Член 47: итна постапка.<br><br>Член 51/4: 21 ден, Член 52/4 и 5: 6 месеци, една година. |
| | 52/3 | Пренесување на товарот на докажување |
| Управување | | |
| Слободна проценка на вредноста | 49/2 | |

## 2.4 Поранешна Југословенска Република Македонија – профил на земјата

### 2.4.1 Постоечко законодавство[15]

Кривичното законодавство беше изменето во 2004 и 2005 година.

**Конфискација на имот стекнат преку вршење кривични дела**

Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење кривични дела е регулирана со Кривичниот законик (член 97 – 100 од КЗ). Конфискацијата на директната или индиректна имотна корист, што вклучува пари, движен и недвижен имот, предмети од вредност, како и друг вид на сопственост, имот или актива, материјални или нематеријални права од сторителот ја изрекува судот (член 98/1 од КЗ). Конфискацијата заснована на вредност е регулирана во член 98/1 од КЗ. Можно е да се изврши конфискација во случај кога постојат фактички или правни пречки за водење на кривичната постапка против сторителот на кривичното дело (член 97/3 од КЗ). Во ваков случај, судот, на предлог на Јавното обвинителство може да поведе посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист, со цел да се проверат доказите и да се утврди дали предметите биле употребени или се резултат на кривично дело, или дека имотот или имотната корист потекнуваат од кривично дело (член 541 од ЗКП).

Кривичниот законик дава законска основа за враќање на конфискуваниот имот на друга држава врз основа на ратификуван меѓународен договор (член 97/4 од КЗ).

Имотот стекнат преку вршење на кривични дела може да се конфискува и од трето лице на кое истиот е пренесен без соодветен надомест (член 98/2 од КЗ), но исто така и од правно лице (член 100, 96ѓ и 28а од КЗ).

Имотно-правното барање од страна на жртвата за надомест на штетата во врска со конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело е дефинирано во член 99 од КЗ и 533/3 од ЗКП.

Законската основа за финансиски истраги, времени мерки во однос на предметите, инструментите и имотот како и постапката за конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела е дадена во Законот за кривична постапка (ЗКП), во членовите 219-227 и 532-543.

Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело се определува со решение од страна на судот, по донесување на пресудата со која обвинетиот се прогласува за виновен (член 537).

Постапката за донесување одлука за конфискување на имотот (изнесување докази и изјави) е дефинирана во член 534, а постапката за определување на точната вредност на имотот кој треба да биде конфискуван е дефинирана во член 535 (изјави на државните органи, вештачење).

---

[15] Кривичен Законик (Службен весник 37/1996, 19/2004)
Закон за кривична постапка (Службен весник 17/1997, 44/2002, 74/2004), ревидиран текст (Службен весник 15/2005)
Закон за јавно обвинителство (Службен весник 38/2004)
Закон за внатрешни работи (Службен весник 19/1995, 55/1997, 38/2002 и 33/2003)
Закон за финансиска полиција (Службен весник 55/2002)
Царински законик (Службен весник 21/1998, 86/1999, 25/2000, 21/2001, 4/2002, 55/2002 и 42/2003)
Закон за утврдување и исплата на јавни приходи (Службен весник 13/2001, 61/2002, 24/2003, 77/2003 и 19/2004)
Закон за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело (Службен весник 46/2004)
Закон за спречување на корупција (Службен весник 49/2002, 46/2004)

Конфискацијата се извршува во рок од 30 дена од правосилноста на пресудата (член 542). Исто така е наведено дека сите законски акти завршени по вршењето на кривичното дело и кои имаат за цел да ја намалат вредноста на имотот, кој е предмет на мерка конфискација се поништуваат (член 542/5).

Конфискацијата на предметите (вклучително и на имотот) е можна дури и во случај кога кривичната постапка не завршува со изрекување на пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен, доколку истото е во интерес на општата безбедност или од етички причини. Посебна одлука се донесува од страна на органот пред кој се води постапката во моментот кога постапката била завршена, односно прекината (член 532).

**Времени мерки**

Времените мерки се регулирани во два дела на ЗКП: членот 220 и членовите по него се однесуваат на привремена заплена на предмети, докази, инструменти и имот стекнат преку вршење на кривични дела (член 220/2) за време на (формалната судска) истрагата; член 532 и членовите по него се однесуваат на времените мерки за заштита на имотот кој може да се конфискува како имот стекнат преку вршење на кривични дела во текот на судската фаза.

Времената заштита на предметите и имотот е дефинирана како времено замрзнување, конфискација, замрзнување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции, или придобивки од кривични дела (член 220/1) и, во случај на имот стекнат преку вршење на кривични дела, замрзнување на имотот, банкарските сметки и фондови (член 220/2).

Времените заштитни мерки се изрекуваат во текот на истрагата која ја води истражниот судија или советот. Мрката може да трае се до крајот на постапката (член 220/3). Во случај на замрзнување на банкарска сметка, мерката треба да биде повторно испитувана на секои два месеци (член 220/4).

ЗКП ги дефинира правилата за поднесување жалба (член 223/2), враќање на предметите (член 227) и нивно управување (220/5-7). Управувањето со привремено конфискуваните предмети е во надлежност на судот. Општите правила за управување (хипотека на недвижен имот, депонирање на парични средства на посебна сметка, можност за продажба на запленетите предмети) не се доволни за правилно управување, располагање и зачувување на вредноста во пракса. Непостоењето на специјализирана служба (агенција) и посебни правила за управување и располагање со запленет и конфискуван имот создава многу проблеми во пракса, како и намалувањето на вредноста на запленетите предмети.

Член 536 утврдува дека судот по службена должност изрекува времени мерки за заштита со цел да обезбеди подоцнежна конфискација на имотот и имотната корист.

Наредба за примена на времени мерки не може да се издаде за време на полициската истражна фаза, туку исклучиво откако формалната судска истрага ќе започне. Ваквата регулатива може да ја попречи ефикасноста на мерките во пракса, особено во обемните истраги за тешки кривични дела.

**Финансиска истрага**

Финансиската истрага не е посебно дефинирана во ЗКП. Законска основа може да се најде во член 533/2 кој бара, по службена должност, да се одреди имотната корист која потекнува од вршење на кривично дело во кривична постапка.

Судот и другите органи кои се надлежни за водење на кривичната постапка се должни да прибават докази и да ги утврдат околностите кои се од важност за утврдување на сопственоста и имотот стекнат преку вршење на кривични дела (член 533/2).

Оттука, предистражната фаза (полициската истрага) не е посебно дефинирана со закон. Општите овластувања на полицијата се применуваат како правна основа (член 144) за пристап до релевантни податоци во текот на финансиската истрага (сопственост врз имотот, даночни извештаи и слично). Застарените бази на податоци, земјишни регистри, доказите на правните лица и слично претставуваат пречка за водење на ефикасна финансиска истрага.

Нема посебни одредби за пристап до банкарски податоци. Во некои случаи, одредбите од член 144 од ЗКП се применуваат, но за тоа е потребна судска одлука. Пристапот до банкарските податоци, особено во случај на странски сметки е подобрен преку Дирекцијата за спречување перење пари (Министерство за финансии). Ова исто така се однесува и на случаи за кои нема конкретно сомнение за извршено кривично дело перење пари!

Не постои јасна одредба која би ја обезбедила законската основа за финансиски истраги, вклучително и предистражна постапка, како и непостоењето на јасна законска основа за пристап до банкарски податоци во македонското законодавство.

Измените на Законот за кривична постапка во 2004 година овозможија примена на посебните истражни мерки (член 146), но нивната примена во праксата е ограничена.

2.4.2 Проширена конфискација

Проширената конфискација не е регулирана во кривичното законодавство. Владата планира да ја воведе проширената конфискација со идните законски измени.

Високата стапка на оданочување (до 75%) на откриениот непријавен приход/ имот има за цел откривање на имотот стекнат преку вршење на кривични дела во управна постапка, кога товарот на докажување во однос на изворот на приходи е кај лицето за кое се води истрага. Правилата може да се применат кога не постои можност да се изврши конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела во кривичната постапка. Правилата се применуваат и за службени лица во државни институции и функционери, согласно Законот за корупција (член 33, 34, 35, 36). Практичната примена на оваа можност е многу ограничена.

Прикривањето на потеклото на несразмерно стекнатиот имот (член 359-а)[16] се смета за македонска специјалност. Целта на одредбата е да се открие имотот стекнат преку вршење на кривични дела и се поврзува со мерките за спречување на корупцијата (член 33, 34 и 37 од Законот за спречување на корупцијата) меѓу службените лица во државните институции и функционерите.

Службените лица во државните институции и функционерите вршат кривично дело ако:

[16] Член 359-а од КЗ (Прикривањето на потеклото на несразмерно стекнатиот имот)
(1) Служено лице и одговорно лице во јавно претпријатие или јавна установа кое спротивно на законската должност за пријавување на имотната состојба дава лажни податоци за своите приходи, или кога ќе се утврди дека неговиот имот значително ги надминува неговите законски и пријавени за оданочување приходи и ги прикрива неговите вистински извори, ќе се казни со казна затвор во времетраење од шест месеци до пет години и со парична казна.
(2) Имотот кој значително ги надминува приходите што ги остварува и пријавените за оданочување приходи за кои сторителот ги прикрива вистинските извори се одзема, а ако неговото одземање не е можно, од сторителот се одзема друг имот што одговара на неговата вредност. Имотот се одзема и од трети лица на кои е пренесен без соодветен надомест.

- тој/таа даде лажни податоци за неговиот/нејзиниот имот во обврската за пријавувањето на имотната состојба
- неговиот/нејзиниот имотот значително ги надминува приходите што ги остварува и пријавените за оданочување приходи, а истовремено тој/таа ги прикрива вистинските извори.

Предвидената казна е казна затвор во времетраење од шест месеци до пет години и парична казна. Покрај тоа, непријавениот имот ќе биде конфискуван (вклучително и конфискација заснована на вредност).

Одредбата предвидува можност службените лица во државните институции и функционерите да дадат објаснување за нерамнотежата меѓу законските и пријавените приходи/ имот и да го обелодени вистинскиот извор на имотот (под закана или казна). Од оваа перспектива, во прашање се доведува усогласеноста со стандардите за човекови права (право на лична неинкриминација). Врз основа на обезбедените податоци, одредбата се уште не се применува во пракса.

Имплементацијата на режимот за конфискација (не предвидувајќи ја проширената конфискација) може да биде значително тешка, поради тоа што околу 50% од исплатите во Македонија се готовински трансакции.

2.4.3 Изготвување на законодавство

Во јуни 2007 година, Министерството за правда го изготви нацрт-законот за управување со запленети и конфискувани предмети и имот стекнат преку вршење на кривично дело, што беше дискутиран за време на CARPO работилницата.

Измените на ЗКП кои се однесуваат на заштитата на сведоци се во собраниска постапка (јуни 2007 година). Вториот дел од (концептуални) измените на ЗКП, кои се однесуваат на укинување на судската истрага (и можеби измени кои се однесуваат на проширената конфискација) ќе бидат разгледани кон крајот на 2007 година.

Владината одлука (со која се имплементира стратегијата за измени на казненото законодавство) укажува на поведување на граѓанска постапка за конфискација, но ова се толкува од страна на Министерството за правда како барање за проширена конфискација со примена на алатки од граѓанското право. Поради тоа што е потребно дво-третинско мнозинство на пратеници во собранието за донесување на измените на ЗКП (уставна одредба), Министерството за правда настојуваше да ги вклучи и релевантните законски измени за проширена конфискација во посебен закон (во нацрт-законот за управување со имот стекнат преку вршење на кривични дела или во нацрт-законот за службата за борба против организиран криминал). Беше предложено да се вклучат релевантните одредби за проширена конфискација во ЗКП и во Законот за полиција, поради тоа што и двете нацрт-верзии на законите регулираат различна материја.

Предлогот за нов Закон за финансиска полиција е се уште во фаза на подготовка, во соработка со експерти од италијанската Guardia di Finanzia.

**Препораки од CARPO работилницата за менување на кривичното законодавство заради воведување на проширената конфискација**

**Измени на КЗ**
- член 98 или 97 – проширена конфискација,
- член 98/4: во однос на Агенцијата – располагање со конфискуван имот (финансиски средства),
- 359а од КЗ – прикривање на потеклото на несразмерно стекнатиот имот на службените лица во државните институции и функционерите (усоглсеност со стандардите за човекови права)?

**Измени на ЗКП**
- член 533: финансиски истраги и времени мерки се можни во предистражната постапка;
- воведување на одредби за пристап до банкарски податоци,
- член 223 и 536 (се воведува постапка за да се докаже законското потекло во текот на времените мерки, но и пред главното сослушување),
- одредби кои се однесуваат на управувањето со запленетиот имот и поврзаност со нацрт-законот за управување: 219/6, 200 (се воведува забрана за располагање), 227, 542 (вршење на конфискација).

2.4.4 Институции

**Полиција**

Одделот за организиран криминал (Сектор за финансиски криминал) беше формиран во 2005 година во рамки на Министерството за внатрешни работи и истиот не е во рамки на Одделот за криминалистичка полиција.

Финансиската полиција беше формирана во рамки на Министерстовото за финансии во 2002 година. По формирањето следеа низа реорганизации и кадровски промени, а се уште е во процес на целосно доформување, заради исполнување на своите задачи. Се подготвуваат измени на Законот за финансиска полиција.

Улогата на финансиската полиција и Царинската Управа во кривичната постапка е дефинирана во член 145 од ЗКП. Финансиската полиција е одговорна за откривање и истрага на даночни затајувања, перење пари и други придобивки стекнати преку вршење на кривични дела, криумчарење, недозволена трговија и други кривични дела кои вклучуваат поголема сума на данок, царина или други придобивки. Надлежностите на финансиската полиција во дел се преклопуваат со задачите на Секторот за финансиски криминал во рамки на Одделот за организиран криминал во врска со финансиските истраги, што претставува дополнителен предизвик за добрата соработка меѓу институциите.

Законот за финансиска полиција исто така воведува методи за утврдување на приходите, како што се: метод за пресметување на нето вредноста, метод на утврдување трошоци, метод за банкарски депозит, метод за утврдување на процентуалната граница и методот на посебни каматни стапки.

Управата за јавни приходи во рамки на Министерството за финансии обезбедува податоци за даночни извештаи, кои се сметаат за важен извор на информации за финансиските истраги. Управата може да има значајна улога во финансиската истрага поради тоа што постои можност за (големо) оданочување на непријавениот приход/имот, кога не е можно да се изврши конфискување на имотот стекнат преку вршење на кривични дела во кривичната постапка.

**Обвинител**

Во системот на судска истрага, обвинителот ја води предистражната (полициска) истрага. Истражните мерки за време на предистражната фаза ги изрекува истражниот судија на предлог на полицијата или обвинителот.

Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата беше формирано во 2004 година во рамки на Јавното обвинителство. Негова задача е да поведува кривични постапки за кривични дела за кои прогонот започнува по службена должност, а кои се извршени од страна на организирана група составена од

најмалку три лица кои делуваат одреден временски период со цел стекнување на посредна или непосредна финансиска придобивка или друг вид на имотна корист, која извршила едно или повеќе кривични дела, како и други видови на кривични дела за кои законски е предвидена казна затвор во времетраење од најмалку четири години (член 29 од Законот за Јавно обвинителство).

2.4.5 Заклучоци

Поддршка на релевантните иснтитуции за примена на законодавството за финансиски истраги, времени заштитни мерки и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела и понатаму е потребна. Финансиската полиција не е функционална во целост се уште. Преклопувањата на надлежностите со Секторот за финансиски криминал не ја подобруваат и без тоа слабата соработка. Не постојат статистички податоци ниту податоци за финансиски истраги и привремена конфискација кои се заведуваат во полицијата и во обвинителството. Управувањето со запленетите предмети и имот претставува вистински проблем во пракса. Министерството за финансии изготви нацрт-предлог на Законот за управување со запленети и конфискувани предмети и имот со кој се предвидува формирање на Агенција за управување во рамки на Министерството за правда.

Финансиската истрага не е посебно дефинирана во ЗКП, а не постојат одредби за пристап до банкарски податоци. Одредбата за општите овластувања на полицијата се применува во ретки случаи кога се води финансиска истрага. Следењето на банкарските сметки не е регулирано во ЗКП. Некои регистри не се ажурирани (земјишниот регистар, регистрите за правни лица...), кои, покрај 50% економија заснована на готовински исплати, претставуваат вистинска пречка за постигнување на ефикасни резултати во пракса. Во некои случаи единицата за финансиски истраги (Дирекцијата за спречување на перење пари) има дозвола за пристап до банкарски податоци, иако не постои конкретен сомнеж дека станува збор за кривично дело перење пари. Има само ограничени законски можности за примена на ПИМ. Нивната примена во праксата е многу ограничена.

Времени мерки може да се применат само откако ќе започне судската истрага; предистражната постапка (полициската истрага) не е опфатена, што може да претставува вистинска пречка за ефикасноста на мерките.

Конфискацијата на посредниот или непосреден имот и конфискацијата заснована на вредност се регулирани. Конфискација е можна и од трети лица и правни лица, па дури и во одредени околности кога кривичната постапка не може да се заврши.

Проширената конфискација не е регулирана во кривичното законодавство. Владата прави напори за менување на законодавството, со цел да се обезбеди законска основа за проширена конфискација.

Кривичното дело „прикривање на изворот на несразмерно стекнатиот имот" (член 359-а од КЗ) претставува македонска специјалност. Неговата усогласеност со стандардите за човекови права (правото на лична неинкриминација) е доведена во прашање, но врз основа на обезбедените податоци, одредбата се уште не е применета во пракса. Најверојатно за големото оданочување (до 75%) на непријавениот приход и имот на службените лица во државните институции и функционерите следат антикорупциски мерки.

## 2.4.6 Општ преглед

| **КЗ** | | “Поранешна Југословенска Република Македонија” |
|---|---|---|
| Конфискација | 97 | 97/1 ниту едно лице не смее да задржи кај себе директен или индиректен имот стекнат преку вршење на кривично дело. (...) |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | 97/1 | Член 98: Начин на конфискување<br>(1) Материјалната придобивка стекната преку криминална активност која претставува пари, движен или недвижен имот, предмети од вредност, како и друг вид на актива, имот или обврзници, материјални и нематеријални права ќе се конфискува од сторителот, а ако ваквата конфискација не е можна други предмети ќе бидат конфискувани од сторителот, кои се сразмерни со стекнатата придобивка. (...) |
| Конфискација заснована на вредност | 98/1 | |
| Трети лица | 98/2 + 537/3 од ЗКП | 98/2: ... од трети лица на кои имотот е пренесен без соодветен надомест, ако истите не знаеле, а можели или биле должни да знаат дека имотот е стекнат преку вршење на кривично дело. |
| Правни лица | 100<br>28а,<br>96д<br>+537/3 од ЗКП | 100: ако преку вршење на кривични дела од страна на сторителот е прибавена имотна корист за правниот ентитет, тогаш имотната корист ќе биде конфискувана од него.<br>28а: Услови за кривична одговорност на правното лице<br>96д: Конфискација на имот, материјална придобивка и конфискација на предмети од правни лица. |
| Проширена конфискација | Не | Оданочување до 75% на непријавен приход/имот на службени лица и функционери<br>Член 359а: Прикривање на потеклото на несразмерно стекнатиот имот |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 533/2 | Член 533<br>(1) Имотот и имотната придобивка стекната преку вршење на кривично дело се потврдува во кривична постапка по службена должност.<br>(2) судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка се должни за времe на постапката да прибираат докази и да ги испитаат околностите кои се значајни за утврдување на имотот и имотната корист. ... |
| ПИМ | 146 | |
| Предистражна фаза | Не | 533/1 |
| Пристап до банкарски податоци | Не | Нема посебна одредба – општи полициски овластувања (Член 144) |
| **Привремена конфискаци Ја** | 220/2 - 223<br>536 | Член 220<br>(1) Истражниот судија или советот, со одлука можат да одредат времени заштитни мерки за предметите и средствата кои се поврзуваат со кривичното дело. (...) Времени мерки за заштита на предмети или имот подразбираат привремено замрзнување, конфискација, замрзнување на фондови, банкарски сметки и финансиски трансакции или придобивки од кривични дела.<br>(2) (...) судот може да донесе одлука за замрзнување на средствата, сметките и фондовите за кои постојат основи за сомневање дека истите се продобивки од вршење на кривично дело. (...)<br>Член 536<br>(1) Кога условите за конфискација на имотот и имотната корист се исполнети, судот, по службена должност ќе изрече времени заштитни мерки, согласно утврденото во Член 219 од овој Закон. (...) |

| | | |
|---|---|---|
| Предистражна фаза | Не | Види Член 223/1; само по (судската) истрагата |
| Замрзнување на банкарски сметки | 220/2, 4,7,8 | |
| Жалбена постапка | 223<br>536/3, 4<br><br>227+532 | Член 223<br>(1) Мерките за времена заштита и конфискација на предмети или имот се утврдуваат со одлука на судот, истражниот судија во текот на истрагата и по изнесувањето на кривичното обвинение, судскиот совет, односно судијата. (...)<br>Член 227<br>(1) Предметите кои во текот на постапката биле привремено конфискувани ќе бидат вратени на сопственикот, односно поседувачот, ако постапката е завршена и не постојат причини за нивна конфискација (Член 532). (...) |
| Управување | 220 | |
| **Конфискација** | 532-543<br>537<br><br>532 | Член 537<br>(1) Судот може да изрече конфискација на имотна корист во пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен, во одлуката за судски укор или во одлуката за примена на образовни мерки, соодветно и во одлуката со која се изрекуваат заштитните мерки. (...)<br>Член 532<br>(1) Предметите, кои согласно Кривичниот законик мора да се конфискуваат, ќе бидат конфискувани кога кривичната постапка нема да заврши со осудителна пресуда, само ако тоа е во интерес на општата безбедност или од морални причини. (...) |
| **Постапка** | 534<br><br>541 + 97/3 од КЗ | Член 534<br>(1) ... лицето на кое имотната корист е пренесена, како и застапникот на правното лице, ќе бидат повикани на сослушување во предистражната постапка и за време на судската постапка. (...)<br>Член 541<br>(1) Кога постојат фактички и законски пречки за водење на кривичната постапка против одредено лице, судот може да поведе посебна постапка за конфискација на имот и имотна корист и да ги заплени предметите по предлог на јавниот обвинител....<br>(2) ... судот ќе ги испита неопходните докази со цел да утврди дали се работи за имот или имотна корист прибавена преку вршење на кривични дела или се работи за предмети кои се употребени или произлегуваат од кривичното дело или истите мора да се конфискуваат (...) |
| Слободна проценка на вредноста од страна на судијата | Не<br>535 | 535/1: ако со други факти судот не може да ја утврди вредноста на имотот и на имотната корист која треба да се конфискува, ќе нареди да се изврши вештачење. (...) |
| **Извршување** | 542 | 542/1 Процесот на конфискација на имот или на имотна корист мора да се изведе во рок од 30 дена од правосилноста на судската одлука. (...) |
| **Посебни закони** | Не | |
| **Линкови** | | www.pravo.org.mk |
| **Институции (специјализирани)** | | |
| Министерство за внатрешни | 144 од ЗКП | Криминалистичка полиција<br>Оддел за организиран криминал (ООК) –Сектор за финансиски криминал (СФК) |

| | | |
|---|---|---|
| работи | 157+2<br>19 | |
| Царинска управа | 145/1 од ЗКП | |
| Финансиска полиција | 145/2 од ЗКП | |
| Обвинител | | Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал и корупцијата |
| Судови | | |

## 2.5 Косово – профил на проектната област

2.5.1 Постоечко законодавство [17]

Конфликтот на Косово воведе многу економски предизвици: економска зависност од повратниците од дијаспората, приватизација, воведување на пазарна економија и финански сектор, пораст на инвестиции во инфраструктурата, живеалиштата, формирање на институции, пренос на овластувањата на УНМИК на локалните власти и слично – сето ова претставува предизвик за борба против екомскиот и организиран криминал и корупција. Државните системи и организации се се уште во развој. Преносот на овластувањата и одговорностите на полицијата на УНМИК[18] на Косовската полициска служба (КПС) е во тек. Меѓународни судии и обвинители работеа заедно со локалните луѓе.

### Конфискација

Материјалната придобивка (пари, предмети или вредноста на друг вид материјална корист) стекната преку вршење на кривично дело мора да биде конфискувана со пресуда со која се утврдува вршење на кривичното дело (член 82 од КЗ). Конфискацијата заснована на вредност е регулирана со член 83/1 од КЗ [19].

Конфискацијата на материјалната придобивка е исто така можна и од трето лице на кое истата е пренесена без надомест или со надомест кој несоодветствува со вистинската вредност, доколку тоа лице знаело или се претспоставува дека таа материјална придобивка е стекната преку вршење на кривично дело. Кога материјалната придобивка е пренесена на блиски роднини, таа може да се конфискува од нив, само доколку тие не докажат дека имаат дадено надомест во висина со нејзината целосна вредност (член 83/2 од КЗ). Имотот стекнат преку вршење на кривчно дело (материјалната придобивка) исто така може да биде конфискувана и од правно лице (член 85 од КЗ). Согласно член 491 од ЗКП, судот го повикува третото лице или претставник на правното лице на испрашување и во текот на судската постапка тие можат да ги прикажат доказите и да поставуваат прашања на обвинетиот, сведоците и сведоците експерти.

Конфискацијата (запленета) на предмети употребени или наменети за употреба во вршењето на кривичното дело или предметите кои потекнуваат од вршењето на кривичното дело е регулирана со член 60 од КЗ. Таквите предмети може да бидат конфискувани само ако се сопственост на сторителот или ако тоа е неопходно заради интересите на јавната безбедност.

Според член 489 од ЗКП, таквите предмети ќе бидат конфискувани и во случај кога обвинетиот ќе се прогласи за невин во пресудата од посебната одлука, ако постои опасност дека предметите би можеле да бидат употребени за вршење на кривично дело или заради интересите на јавната безбедност или од морални причини.

---

[17] Привремен Кривичен Закон на Косово (UNMIK/reg/2003/25, 2004/19).
Привремен Закон за кривична постапка на Косово UNMIK/reg/2003/26)
Закон за царина (Регулатива на УНМИК 2004/1 за Законот за царина на Косово)
Закон за спречување перење пари и други кривични дела (Регулатива на УНМИК 2004/2, 2005/42, 2006/9, 2006/49: неутврдено продолжување, 2006/53)
Закон за даночната управа и постапки (2004/48)
Линкови: www.ks-gov.net, www.kosovopolice.com, www.unmikonline.org/, www.ks-gov.net/GazetaZyrtare/, www.unmikonline.com, www.kuvendikosoves.org, www.euinkosovo.org

[18] УНМИК е меѓународна цивилна мисија воведена согласно Резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите Нации 1244 (1999) на територијата на Косово, застапувајќи го полицискиот и судски столб; столбот на привремената граѓанска администрација (на Обединетите Нации); столбот за изградба на институции (на ОБСЕ), и столбот за економска реконструкција и развој (на ЕУ).

[19] Сторителот е должен да ја плати висината на паричната сума која соодветствува со стекнатата материјална придобивка. Судот може да дозволи исплата на рати за период кој не е подолг од 2 години.

Согласно член 494 од ЗКП, конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело може да биде изречена во пресуда со која обвинетиот се прогласува за виновен или кога се изрекува судско предупредување, како и во одлука за примена на мерка задолжителен третман за рехабилитација на сторителите зависници од алкохол или дрога. Судот мора да ги наведе предметите или сумата на пари која треба да се конфискува (исплатата може да се врши на рати). Судот може да ја утврди точната вредност на материјалната придобивка по пат на слободна проценка (член 492 од ЗКП).

Конфискацијата на предмети кои потекнуваат од посебни кривични дела[20] (незаконски доделени или примени награди, подароци или бенефиции) е можна под посебни услови[21] со посебна одлука на судот дури и без обвинение (пресуда) против обвинетото лице (член 498 од ЗКП).

Конфискација на индиректен имот не е посебно утврдена, но се подразбира од толкувањето на член 83/1 од КЗ (или било која друга материјална придобивка).

**Фининсиска истрага**

Судот и другите служби кои ја водат постапката мораат по службена должност да собираат докази и да ги испитаат околностите, со цел да ја утврдат материјалната придобивка стекната по пат на врешење кривични дела (член 490 од ЗКП). Согласно член 499/3, таквата должност исто така се применува и во предистражната постапка.

Пристапот до банкарските податоци се смета за посебна истражна мерка (ПИМ) и е утврден во член 256/1 xiii, 256/11 и 257/1, 2, почитувајќи ги условите за примена на ПИМ. Се издава наредба од страна на предистражниот судија, на предлог на обвинителот, банката или некоја друга финансиска институција, да ги открие финансиските податоци на осомниченото лице (член 257/1) или друго лице (член 257/2), кога постои основано сомнение дека лицето извршило кривично дело или дека лицето учествувало во финансиските трансакции на осомниченото лице. Дел од обвинителите беа на мислење дека потребниот стандард за основано сомнение премногу ограничува. Следењето на банкарските сметки не е регулирано.

Посебните истражни мерки се утврдени со член 256-257, но во пракса, нивната примена е ограничена.

**Времени заштитни мерки (заплена)**

Според член 493 од ЗКП, судот (истражниот судија или судијата кој го води случајот[22]) може, по службена должност, на предлог на обвинителот, да нареди заплена на имот кој може да се конфискува, или други заштитни мерки во согласност со одредбите на извршната постапка (забрана за располагање ...)

Замрзнувањето на финансиските трансакции не е посебно регулирано; како резултат на ова, се применуваат општите одредби за времени заштитни мерки и заплена (член 493, 116, 490 и 499 од ЗКП). Согласно горенаведените членови, наредба за замрзнување се издава од страна на предистражниот судија, на предлог на јавниот обвинител.

---

[20] Примање на украдена стока, неоправдано дарување и примање подароци, примање поткуп, давање поткуп и наметнување влијание (член 272, 250, 251, 343, 344 и 345 од КЗ)
[21] Ако се утврдат законски елементи во кривичното дело и ако исто така се утврди дека одредени предмети потекнуваат од кривичното дело, или дека е дадена или примена награда, подарок или придобивка.
[22] Член 116 од ЗКП.

**Управување**

Судот е одговорен за управувањето со запленетите или на друг начин заштитени предмети и имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Судот мора веднаш да постапува и да делува економично, разумно и како добар управител (член 497/1). Постапката на управување, предвидена во член 497/2 се уште не е усвоена. Општата одредба која се однесува на управувањето, според мислењето на надлежните лица од Косово, не е доволна. Проблемите околу несоодветно зачуваните предмети со опаднувачка вредност бараат соодветно законодавство.

Предметите кои треба да се конфискуваат врз основа на КЗ (член 60), или кои може да претставуваат доказ или имотот стекнат преку вршење на кривично дело, може да бидат (привремено) запленети од страна на полицијата. Таквите предмети треба да се под надзор и контрола на јавниот обвинител (член 247 од ЗКП). Продажбата на запленетите предмети (член 60 од КЗ и 247 од ЗКП) е регулирана само за предметите пронајдени кај обвинетото лице, ако припаѓаат на непознато лице, или ако предметот е подложен на скапување или трошоците за управување се значително високи. Придобивките од продажбата треба да се пренесат во банката заради нивна заштита (член 252 од ЗКП).

**Посебно законодавство**

Законот за спречување перење пари и други поврзани кривични дела ја утврдува конфискацијата и привремените заштитни мерки кои не се однесуваат исклучиво на случаите на перење пари, туку исто така се применливи и за имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Поврзаноста меѓу ЗКП и овој Закон се чини дека не им е доволно јасна на надлежните лица на Косово, и во праксата не се применува за заштита и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело, кој се поврзува со случаи на перење пари.

Одредбите од делот 11 и 12 се подетални како релевантни одредби на ЗКП и даваат поголема можност за ефикасно одземање на имотната корист.

Според делот 10.3, стандардот на докажување дека сопственоста претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело е намален. Примероците (добиени преку прикриена истрага) може само непосредно да го поддржат верувањето дека сопственоста претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело (дел 10.3). Ако лицето тврди дека имотот, за кој е известен дека ќе биде конфискуван, е во негова сопственост треба да ги достави податоците за денот и околностите според кои сопственоста или статусот корисник во однос на имотот (законски) го стекнал (дел 11.4в).

Одредбта од дел 11.1б го поддржува толкувањето дека законот е применлив, не само за случаи на перење пари, туку исто така и „за сите други околности", кога обвинителот може да достави предлог за конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело, или кој бил употребен или бил наменет за употреба за вршење на кривично дело или олеснување на перење пари или предикативно кривично дело од кое е добиен имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Конфискацијата заснована на вредност е регулирана во дел 11.8.

Обвинителот може да предложи времена мерка за заштита на имотот иако се уште не е поведена кривичната постапка. Во ваков случај, истражниот судија на судот каде е лоциран имотот има надлежност да донесе одлука за тоа која мерка да се примени (дел 12.2). Условите за времена мерка и видот на мерката се дефинирани во дел 12.1 и 12.4[23] (12.4б: замрзнување на финансиски трансакции).

[23] Судот може да издаде наредба за следново:

Управувањето за заштитениот имот е регулирано во дел 12.9. Судот исто така може да одлучи да го продаде запленетиот имот ако постои опасност дека имотот подлежи на скапување, уништување или на друг начин ја намали својата вредност, или ако трошоците за одржување се несразмерни, или ако сопственикот е согласен за негова продажба.

Се уште не е разјаснета нејасната ситуација во однос на примената на законот. Неговиот период на важност беше продолжен на неодреден временски рок со Регулативата на УНМИК 2006/49.

2.5.2 Проширена конфискација

Проширената конфискација не е регулирана на Косово. КПС достави предлог до Министерството за правда за воведување на релевантна законска основа, согласно Регионалната стратегија за алатки во борбата против организираниот криминал (2005 година).

Според Законот за спречување перење пари и други поврзани кривични дела, стандардот за докажување дека имотот претставува имотот стекнат преку вршење на кривично дело е намален (дел 10/3). Примероците (добиени преку прикриена истрага) може само непосредно да го поддржат верувањето дека сопственоста претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело (дел 10.3). Лицето кое тврди дека имотот, за кој е известен дека ќе биде конфискуван, е во негова сопственост треба да ги достави податоците за денот и околностите според кои сопственоста или статусот корисник во однос на имотот (законски) го стекнал (дел 11.4в).

2.5.3 Изготвување на законодавство

Работна група за измени на ЗКП и КЗ е формирана од страна на Одделот за правда на УНМИК. Нацрт-измените не се достапни се уште.

2.5.4 Институции

Министеството за правда беше основано во 2006 година. „Подоцнежниот пренос на надлежности" на Министерството за внатрешни работи беше остварен со регулативата на УНМИК бр. 2006/26 од 27 април 2006 година (прилог XVI (ii)). Преносот на надлежности од полицијата на УНМИК на Косовската полициска служба (КПС) исто така започна: „следење на Косовската полициска служба, овластена од SRSG, постапувајќи преку полицискиот комесар и без интервенции во активностите на Косовската полициска служба и при водењето на кривичните истраги".

Во рамки на Директоратот за организиран криминал при Косовската полициска служба, единицата за финансиски истраги е одговорна за водење на финансиски истраги. Беше наведено дека единицата кадровски не е доволно пополнета. Се очекува реорганизација како резултат на преносот на овластувањата од УНМИК на КПС.

**Царинската служба** е одговорна за истрага на управни и кривични дела утврдени со Законот за царина. Царинските службеници се поистоветуваат со „полициските службеници"

---

- ниту едно лице или ентитет не смее да продава, пренесува, задолжува, уништува или на друг начин да располага со имотот;
- ниту банката или друга финансиска институција не смее да ја пренесува сопственоста;
- во случај на недвижен имот, надлежните органи мора да одбијат да го заверат договорот за продажба или да го заведат преносот на имотот;
- во случај на бизнис, доверител мора да се назначи од страна на судот кој ќе ја контролира сопственоста;
- овластени царински или полициски службеници да го запленат имотот.

или „службениците на судската полиција" во одредени делови на Привремениот Закон за кривична постапка. Стандардите за соработка и размена на информации со КПС треба да се утврдат во иднина.

**Даночната управа** нема полициски овластувања. Согласно член 59 од Законот за даноци, Даночната управа може да обелодени информации кои се однесуваат на даночниот обврзник на службите за спроведување на законот кои би се примениле во истрагата на даночни и финансиски кривични дела без судска наредба. Во случај на други кривични дела, мора да се добие согласност од судот.

**Финансискиот информативен центар (ФИЦ)** беше основан во 2004 година во рамки на полицијата и судскиот столб со Регулативата на УНМИК 2004/2 за спречување перење пари. ФИЦ е централизирана единица одговорна за собирање на информации кои се однесуваат на перењето пари или финансирањето на терористичките активности, како и за доставување на тие информации до службите за спроведување на законот.

**Обвинител**

Улогата на обвинителот во текот на прелиминарната кривична постапка и за време на истражната фаза е утврдена со Законот за јавното обвинителство (ЗЈО) и ЗКП. Обвинителот е одговорен за истражување на кривични дела и надзор на работата на судската полиција (член 46/1 од ЗЈО). Обвинителот може да ги преземе неопходните мерки, во рамки на неговите овластувања, за откривање на кривични дела и за откривање на сторители и е задолжен да презема истражни активности додека ја води или надгледува истрагата во прелиминарната кривична постапка (член 47).

Кривичната (предистражна) истрага ја иницира и води обвинителот кога постои основано сомнение дека лицето извршило кривично дело (член 220 од ЗКП). За време на кривичната постапка обвинителот може да ги преземе неопходните мерки лично или преку судската полиција (член 51).

Посебното одделение во рамки на Обвинителството (четири локални и пет меѓународни обвинители) беше основано во 2006 година. Негова улога е борбата против тешките форми на организиран и економски криминал: поточно, злоупотреба на приватизација, набавки и донации и злоупотреба на буџетските корисници (врз основа на ревизорските извештаи).

2.5.5 Заклучоци

Пост-воената состојба влијае врз економијата, а животниот стандард и понатаму е низок; покрај тоа, нерешеното прашање за статусот на Косово влијае врз капацитетот на институциите и (државните) системи кои ја прават борбата против криминалот и утврдувањето на имотот стекнат преку вршење на кривично дело уште попредизвикувачка. Односот и соработката меѓу меѓународните полициски службеници, обвинители, судии и локалните власти се менува и зависи од преносот на одговорностите. Локалните институции (Единицата за финансиски истраги во рамки на КПС, посебното одделение во рамки на Обвинителството) и понатаму имаат потреба од поддршка и обуки на полето на финансиските истраги.

Постоечкиот режим за конфискација има одредени слабости. Конфискацијата на индиректниот имот не е посебно регулирана, но би можела[24] да се примени со толкување на член 83/1. Пристапот до банкарските податоци се смета за посебен истражен метод и неговата примена е ограничена на условите кои се применуваат за ПИМ (потребно е основано сомнение).

[24] Во отсуство на јуриспруденција, ова е мојот личен став.

Замрзнувањето на финансискските трансакции не е посебно регулирано, но се применува во пракса врз основа општите правила кои се однесуваат на запленаата и времените заштитни мерки за конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Управувањето со привремено запленетите и заштитени предмети и имотот стекнат преку вршење на кривично дело претставува проблем поради отсутсвото на конкретни одредби (и институции) за управување, што ќе овозможи продажба за време на постапката, меѓу другите поединости.

Законот за спречување перење пари и други поврзани кривични дела исто така ги утврдува времените мерки и конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело, кои не се исклучиво поврзани со кривичното дело перење пари. И понатаму неговата примена во праксата е ограничена и поврзаноста со општите одредби од ЗКП не е решена, а поради тоа неговите поспецифични одредби не се применуваат во целост во праксата.

Проширената конфискација не е регулирана со кривичното законодавство. Ограничени можности и некои елементи на олеснет стандард на докажување дава Законот за спречување перење пари.

Дополнителна поддршка за примена на постоечкото законодавство се уште е потребна, и покрај присуството на меѓународниот фактор (кој понекогаш има потешкотии во однос на разбирањето на правниот систем на Косово).

## 2.5.6 Општ преглед

| | | **Косово** |
|---|---|---|
| Конфискација | 82 од КЗ | Материјалната придобивка стекната преку криминална активност ќе биде конфискувана со судска пресуда со која се утврдува вршење на кривично дело. |
| Трети лица, семејство | 83/2 | |
| Правни лица | 85 | |
| Конфискација заснована на вредност | 83/1<br>499/2 од ЗКП | ... да се исплати одредена сума на пари која е соодветна на стекната материјална придобивка. |
| Конфискација (заплена) на предмети | 60 | Предметите употребени или наменети за употреба за вршење на кривично дело или предмети кои потекнуваат од вршење на кривично дело може да се конфискуваат само ако истите се во сопственост на сторителот. |
| Проширена конфискација | Не, но | Закон за спречување перење пари и други поврзани кривични дела (дел 10.3): стандардот за докажување дека имотот претставува имот стекнат преку вршење на кривични дела е олеснет. Присутноста (како дел од прикриената истрага) може само непосредно да даде поддршка на убедувањето дека имотот претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело. Ако лицето тврди дека е сопственик на имотот, за кој е известен дека ќе биде конфискуван, лицето треба да обезбеди податоци за датумот и околностите под кои го стекнал статусот сопственик или корисник на имотот за да се докаже дека имотот бил законски стекнат (дел 11.4в). |
| ЗКП | | |
| Финансиска истрага | 490 | (1) Материјалната придобивка стекната преку вршење на кривични дела или која произлегува од вршење на кривични дела, ќе биде утврдена во кривична постапка по службена должност.<br>(2) Судот и другите служби кои се задолжени за водење на кривичната постапка се обврзани да прибават докази и да ги испитаат околностите кои се значајни за утврдување на материјалната придобивка. |
| Предистражна постапка | 499/3 | (3) одредбите од Член 490, став 1 од овој Закон ќе се применат *mutates mutandis* во предистражната постапка; покрај органите пред кои се води кривичната постапка, други органи предвидени со овој Закон исто така ќе учествуваат во обезбедувањето на податоци и во водењето на истрагата за околностите кои се важни за утврдување на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. |
| Пристап до банкарски податоци (како ПИМ) | 256/1 xiii<br>256/11<br>257/1,2 | Откривање на финансиски податоци: добивање информации од банката или некоја друга финансиска институција за депозити, сметки или трансакции<br>Судска наредба: откривање на банкарски и финансиски податоци на трети лица |
| ПИМ | 256-267 | |
| Времени заштитни мерки | 493<br><br>116/2,3<br><br><br>247 | Кога се одредува конфискација на материјална придобивка која е стекната преку вршење на кривично дело, судот е должен да нареди привремена конфискација или „заштита" на таквата придобивка. Судот може да донесе ваква одлука по службена должност, или на барање на јавниот обвинител<br>Времени мерки со кои се заштитува имотот кој потекнува од вршење на кривично дело може да се изречат во кривичната постапка, |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласно одредбите кои се применуваат во извршните постапки, на предлог на овластени лица.<br>Привремена заплена на предмети |
| Наредба за замрзнување | | Не е посебно регулирана. |
| Управување | 497<br><br>252 | Постапката за управување со конфискуваните предмети и имот треба да биде овозможена од страна на надлежната државна институција од областа на судските работи – се уште не е усвоена. |
| Конфискација | 494 | (1) Конфискација на материјалната придобивка стекната преку вршење на кривични дела може да се изрече и во пресуда во која обвинетито се прогласува за виновен или во судски укор, како и со одлука за примена на мерка за задолжителен третман за рехабилитација на сторителите зависници од алкохол и дрога. |
| Постапка за конфискација | 491 | Повикување и сослушување на трети и правни лица |
| Слободна проценка | 492 | Проценка на вредноста од страна на судот |
| Конфискација без обвинение | 498/1 | Судот трајно ќе ја конфискува материјалната придобивка ако се утврди дека кривично дело (примање украдена стока, неоправдано давање и примање подароци, примање поткуп, давање поткуп и влијание) е извршено и дека имотот во сопственост на обвиниетиот потекнува од кривично дело. |
| Линкови | | www.ks-gov.net, www.kosovopolice.com, www.unmikonline.org/, www.ks-gov.net/GazetaZyrtare/, www.unmikonline.com, www.kuvendikosoves.org<br>www.euinkosovo.org |
| Закон за перење пари | 1.3.2004 | Регулатива на УНМИК 2004/2, "Спречување перење пари и други поврзани кривични дела" |
| | 11/16 | Одредби применливи исто така и за други кривични дела (?) Јавниот обвинител може да достави предлог за конфискување на имотот кој се смета дека е стекнат преку вршење на кривични дела или кој бил употребен или наменет за употреба при вршење или олеснување на кривичното дело перење пари или предикативно кривично дело од кое произлегува незаконскиот имот. |
| Конфискација | 11 | Обвинителот може да достави предлог за конфискација без оглед дали е отпочната кривичната постапка против лицето кое се поврзува со имотот. Кога ќе се достави ваков предлог до судот, лицата или ентитетите може да поднесат жалби во кои ќе докажат дека се законски сопственици на предметниот имот. |
| Конфискација заснована на вредност | 11/8 | |
| Претпоставка, товар на докажување | 10/3<br>11/4c | Стандардот на докажување дека имотот претставува имот стекнат преку вршење на кривични дела е олеснет. Присутноста (како дел од прикриената истрага) може само непосредно да даде поддршка на убедувањето дека имотот претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело. Ако лицето тврди дека е сопственик на имотот, за кој е известен дека ќе биде конфискуван, лицето треба да обезбеди податоци за датумот и околностите под кои го стекнал статусот сопственик или корисник на имотот за да се докаже дека имотот бил законски стекнат (дел 11.4в). |

| | | |
|---|---|---|
| Времени заштитни мерки | 12 | Судот може да донесе одлука за примена на времена мерка за заштита на имотот кога постои основано сомнение дека имотот е имот стекнат преку вршење на кривични дела и кога постои голема веројатност дека имотот нема да биде достапен за конфискација по завршувањето на постапката за трајна конфискација, ако не се примени времена мерка за заштита на имотот. |
| Замрзнување | 12/4б | |
| Предистражна фаза | 12/2 | Дури и ако не е поведена кривична постапка |
| Постапка | 12/6 | 30+30 дена |

## 2.6 Црна Гора – профил на земјата

### 2.6.1 Постоечко законодавство[25]

Законодавството е воглавно во согласност со меѓународните стандарди, но неговата натамошна примена во пракса може да се судри со одредени пречки за негова ефикасна имплементација. Систематизацијата и кохерентноста на одредбите (по промените од 2006 година) можат да се подобрат.

Во Црна Гора постигнат е напредок на полето на конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело со измените на ЗКП во 2006 година. Посебна одредба која се однесува на организираниот криминал беше додадена (член 523[26]).

Со измените од 2006 година главните недостатоци беа посочени:
- пристап до банкарски податоци: пред измените од 2006 година пристапот до банкарските податоци се сметаше за ПИМ и беше ограничен само за кривични дела каде беше можна затворска казна од 10 години, или за организиран криминал (член 242-а). Полицијата понекогаш наоѓа начин како да оствари пристап до банкарските податоци преку овластувањата на Единицата за финансиско разузнавање, квалификувајќи го кривичното дело како перење пари.
- привремена конфискација (заштитни мерки): пред 2006 година постоеше можност за привремена конфискација во предистражната постапка но само за организиран криминал (нов член 541/4 и член 523).

Постоечкиот член 526/3 од ЗКП[27] се однесува на постапката за време на привремената конфискација и овозможува ослободување на запленетиот имот, доколку се докаже законското потекло на имотот или ако постојат основи да се верува дека имотот не потекнува од кривично дело. Слична одредба има и во новиот нацрт – предлог за измени на ЗКП во член 94/3[28].

Одредбата не се применува во пракса поради тоа што проширената конфискација не е дефинирана во Кривичниот закон. Конфискацијата заснована на вредност се применува само кога се конфискува законска сопственост (во висина на имотот стекнат преку вршење на кривично дело). Доказот на одбраната во однос на законското потекло на сопственоста во вакви случаи не е релевантен за ослободување на запленетата сопственост.

---

[25] Кривичен Закон (Службен весник 70/2003, 13/2004, 47/2006)
Закон за кривична постапка (Службен весник 71/2003, 7/2004, 47/2006)

[26] Член 523 (1): ако постојат основи за сомнение или основан сомнеж дека кривично дело или организиран криминал е извршен, Судот може да нареди мерка за привремена конфискација на стекнатите предмети и имот, неземајќи ги предвид условите наведени во одредбите на членовите 81-87 и членовите 538-545 од овој Закон.
(2) Ако не е поинаку утврдено во одредбите од ова Поглавје, во постапката за привремена конфискација на стекнатите предмети и имот, наведени во член 1 од овој Закон, одредбите од Законот за извршна постапка, како и релевантните одредби од овој Закон ќе се применат соодветно.

[27] 526/3 Советот може да ја укине (и измени) мерката наведена во став 1 од овој член доколку законитото потекло на предметите и имотната корист се докаже врз основа на веродостојни документи и (/или), доколку постојат основи да се верува дека предметите и имотната корист не потекнуваат од кривични дела на организиран криминал ниту дека истите се добиени со прикривање на потеклото и начинот на нивно стекнување.

[28] 94/3 Советот ќе ја укине мерката наведена во став 1 од овој член ако со веродостојни документи се докаже законитото потекло на предметите или имотната корист или ако постојат основи да се верува дека предметите или имотната корист не потекнуваат од кривични дела ниту дека истите се добиени со прикривање на потеклото и начинот на нивно стекнување.

### 2.6.2 Проширена конфискација

Не постојат одредби кои овозможуваат проширена конфискација. Последните измени на ЗКП (2006 година) ја воведоа постапката за ослободување на привремено конфискуваниот (запленет) имот со пренесување на товарот за докажување (член 526/3).

### 2.6.3 Изготвување на законодавство

Црна Гора направи заложби за менување на КЗ и ЗКП, што дава можост за подобрување исто така и на полето на конфискување на имотот стекнат преку вршење на кривично дело. Акцискиот план за имплементација за Програмата за борба против корупцијата вклучува и план за менување на КЗ во поглед на проширената конфискација. Формирање на работна група е предвидено кон крајот на 2007 година.

Работната група за (концептуално) менување на ЗКП беше формирана во 2007 година. Членови: проф. Драго Радуловиќ (раководител), Радуле Којовиќ (судија – Врховен суд), Ранка Чарапиќ (виш државен обвинител), Суцко Баковиќ (специјален обвинител за организиран криминал), Владо Вукотиќ (полиција), Орле Марковиќ (адвокат), Вуксан Вуксановиќ (Министерство за правда).

Работната група планира да го претстави првиот работен нацрт на новиот ЗКП пред Советот на Европа во јули 2007 година. Главна цел е да се укине судската истрага, но исто така одредени измени на полето на конфискацијата се предвидуваат. Се очекува законот да влезе во собраниска постапка до крајот на 2007 година.

Одредени размислувања за можни измени:
- проширена конфискација: измена на член 113 од КЗ
- измени на членовите 541 од ЗКП (привремена конфискација), 526/3 (ослободување на запленет имот), 542 (конфискација)
- нов нацрт–предлог: релевантни членови: 86, 90 (пристап до банкарски податоци и замрзнување на трансакции), 91- 98, 94 (времени мерки) и 493 (финансиска истрага е исто така можна и во полициската фаза), 496 (обезбедување потврда за конфискување)
- да се додаде одредба со која ќе му се овозможи на истражниот судија да одлучи да го продаде привремено конфискуваниот имот во случај на високи трошоци за негова заштита (во отсуство на посебен закон за агенцијата за управување и методи за заштита).

Министертвото за финансии планира да изготви Закон за Агенција за управување со запленети и конфискувани предмети и имот до крајот на 2007 година.

### 2.6.4 Институции

На полицијата и понатаму и е потребна силна поддршка и мотивација за водење на финански истраги. Ниските плати и заканите од криминалните групи исто така беа напоменати.

Посебното одделение за организиран криминал во рамки на обвинителството се занимава со тешките кривични дела. Се предвидува да се поставаат конкретни стандарди за финансиски истраги и привремена конфискација, по стапувањето на сила на концептуалните измени на ЗКП. Моменталната пракса на посебното одделение во рамки на обвинителството е да бара имотна листа на осомничениот како додаток на секој полициски извештај за кривично дело.

Судиите не покажаа интерес за учество на обуките од CARPO проектот. Постои недоволен степен на разбирање и експертиза на полето на привремената конфискација и конфискацијата во судскиот систем.

2.6.5 Заклучоци

На релевантните институции и понатаму им е потребна поддршка и мотивација за водење на финансиски истраги и примена на времените заштитни мерки и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело.

Некои бази на податоци не се ажурирани (земјишни регистри, евиденција на правни лица,...).

Времена мерка (заплена или забрана за располагање) е предложена во (некои ретки) случаи за целиот имот на осомниченото лице. Дури и ако постои несразменост меѓу законски пријавениот имот и реално поседуваниот, врската помеѓу вредноста на имотот стекнат преку вршење на конкретно кривично дело и вредноста на имотот всушност не е утврдена. Ваквата пракса го истакнува прашањето за примена на начелото на пропорционалност, имајќи предвид дека проширената конфискација не е регулирана, и може да доведе до барање на имотот од страна на осомниченото лице по ослободителната пресуда. Прашање е дали тоа е последица од (сеопфатниот) член 523 од ЗКП. Судската пракса се уште не воспоставена.

Не постојат достапни систематизирани бази на податоци ниту статистички податоци за финансиски истраги, времени мерки и конфискација. Сепак, врз основа на достапните податоци обезбедени од институциите, времени мерки биле применети во четири случаи против 25 осомничени лица во 2005 година и во шест случаи против 40 осомничени лица во 2006 година (8 милиони евра). Најголем дел од случаите се поврзуваат со кривичното дело перење пари, со злоупотреба на овластувања како предикативни кривични дела и истите се се уште во истражна фаза. Нема конечна пресуда за перење пари во Црна Гора досега.

**Главни пречки/проблеми**

- непостоење на специјализирана агенција за управување со запленет/конфискуван имот
- нецелосни регистри на недвижен имот (нелегални згради)
- отсуство на законска можност за проширена конфискација/пренесување на товарот на докажување
- ЗКП не се применува во пракса (ПИМ, пристап до банкарски податоци само за организиран криминал).

### 2.6.6 Општ преглед

| **КЗ** | | **Црна Гора** |
|---|---|---|
| Конфискација | 112 | (1) ниту едно лице не смее кај себе да задржи материјална придобивка стекната преку вршење на кривично дело. ... |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | 113 | (1) пари, предмети од вредност и друг вид на имот стекнат преку вршење на кривични дела ќе биде запленет од сторителот; доколку ваквата заплена не е можна, сторителот е должен да исплати парични средства во висина на стекнатата имотна придобивка. ... |
| Конфискација заснована на вредност | 113/1 | |
| Трети лица | 113/2,3 | Без никаков или очигледно несоодветен надомест |
| Правни лица | 113/3 ? | 113/3 може да се толкува (други лица), + 542/3 од ЗКП, 539/2 |
| Проширена конфискација | No | |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 538/2<br>247 | Во текот на постапката, судот и другите органи пред кои се води кривичната постапка се обврзани да прибават докази и да ги испитаат околностите кои се релевантни за утврдување на материјалната придобивка. |
| ПИМ | 237 | |
| Пристап до банкарски податоци | 242а/1 | Измени од 2006 година: сомнение за извршено кривично дело |
| **Привремена конфискаци ја** | | |
| Замрзнување на банкарски сметки<br>Заштита на имотот | 242а/2<br><br>541<br>523 ОК | Измени од 2006 година: во случај на сомнение за извршено кривично дело или прикривање на кривичното дело или незаконски стекнат имот – одлука на истражниот судија.<br>Измени од 2006 година: 541/4: исто така и во предистражната постапка<br>523 (опсежна одредба за организиран криминал) |
| Постапка за докажување на законското потекло | 525<br>нов<br>541а, б, в, г<br>526/3<br>527, 528 | (526/3) Советот може да ја укине мерката наведена во став 1 од овој член доколку се докаже законското потекло на предметите и имотната корист врз основа на веродостојни документи и ако постојат основи да се верува дека предметите и имотната корист не потекнуваат од кривично дело на организиран криминал и дека истите не се прибавени преку прикривање на потеклото и има основи за нивно стекнување. |
| Управување | 529 | Надлежен државен орган? (празна одредба) |
| **Конфискација** | 542 | Пресуда |
| Постапка | 539 | |
| Слободна проценка на вредноста | 540 | |
| **Посебни закони** | Не | |
| **Линкови** | Не | |
| | | **Институции (специјализирани)** |
| Полиција | | |

| | | |
|---|---|---|
| Обвинител | | Посебно одделение во рамки на Обвинителството за борба против организираниот криминал |
| Судија | | Истражен судија: судска истрага |

2.6.6.1

| | | **ЗКП нацрт-предлог (јуни 2007 година)** |
|---|---|---|
| Финансиска истрага | 493 | (вклучително и во предистражната постапка) |
| ПИМ | Да | |
| Пристап до банкарски податоци | 90/1 | Обвинителот |
| Привремена конфискација | 91, 94<br>496 | (вклучително и во предистражната постапка)<br>(заштитни мерки- усогласеност со член 91?) |
| Замрзнување на банкарски сметки | 90/2, 4 | |
| Жалбена постпка/постапка за докажување на законското потекло | 90/6, 94<br>94/3 | (3) Советот ќе ја укине мерката наведена во став 1 ако со веродостојни документи се докаже законитоста на потеклото на предметите или имтоната корист или ако постојат основи да се верува дека предметите или имотната корист не потекнуваат од кривично дело, или дека се стекнати преку прикривање на потеклото и основата за стекнување на истите. |
| Управување | 97 | (празна нормативa) |
| Конфискација | 494, 497 | |
| Слободна проценка на вредноста | 495 | |

## 2.7 Србија – профил на земјата

### 2.7.1. Постоечко законодавство[29]

Новиот Закон за кривична постапка (понатаму во текстот новиот ЗКП), беше усвоен во 2006 година (Службен весник 46/2006, 49/07). Првично предвидениот vacatio legis (1јуни 2007 година), беше одложен по конституцијата на новиот парламент на 31 декември 2008 година (види дел три подолу). Кривичниот законик (понатаму во текстот КЗ) беше усвоен во 2005 година.

**Конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело**

Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело е регулирана со член 87 и 91-93 од КЗ. Член 87 од КЗ предвидува одземање на предмети наменети за вршење на кривично дело или предмети кои потекнуваат од кривично дело, доколку истите се сопственост на сторителот. Овие предмети исто така може да бидат одземени во случаи кога не се сопственост на сторителот, доколку е тоа потребно заради интересите на општата или од морални причини.

Согласно член 91 од КЗ, никој не смее кај себе да задржи имотна корист стекната преку вршење на кривично дело. Имотната корист ќе биде конфискувана со судска одлука со која се потврдува вршењето на кривичното дело. Пари, вредни предмети и друг вид на имотна корист стекната преку вршење на кривично дело ќе биде одземена од сторителот, а кога таквото одземање е невозможно, сторителот е должен да ја плати паричната вредност која е еднаква на стекнатата имотна корист (член 92/1 од КЗ). Имотната корист исто така може да биде одземена од лице на кое правото на сопственост врз таквата имотна корист е пренесено, без надомест, или со надомест кој несоодвестува со вистинската вредност на имотот (член 92/2 од КЗ) барањето за сопственост на жртвата во кривичната постапка е регулирано со член 93 од КЗ, 201-212 и 513/3 од ЗКП. Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело од правно лице не е експлицитно утврдена, но е можна преку толкувањето на член 92/2 од КЗ (трансформација на имотна корист на лице) и член 514 од ЗКП (улогата на претставникот на правното лице во текот на постапката за конфискација).

Законската основа за финансиска истрага, привремена заплена на предмети, инструменти и имот и постапката за конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело е поставена во Законот за кривична постапка, член 82-86, 234, 504а-504ж (посебни одредби кои се однесуваат на организираниот криминал) и 513-520.

Конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело е утврдена со одлука на судот, прогласувајќи го обвинетиот за виновен (член 517 од ЗКП). Постапката за донесување одлука за конфискација (обезбедувањето докази и изјава) е регулирана во член 514 од ЗКП како и можноста судот да ја процени вистинската вредност на имотот по пат на слободна проценка која е регулиран во член 515 од ЗКП.

---

[29] Закон за кривична постапка (Службен весник 70/2001, 68/2002, 58/2004, 85/2005, 115/2005, 85/2005 и 115/2005)
Закон за кривична постапка (Службен весник на Република Србија 46/2006, 49/07), на сила од 01.01.2008 година
Кривичен закон (Службен весник на Република Србија 85/05)
Закон за извршна постапка (Службен весник 125/04)
Закон за организација и одговорност на државните органи за борба против организиран криминал (42/02, 27/03, 39/03, 67/03, 29/04, 45/05, 61/05)
www.srbija.sr.gov.yu/ (Влада на Србија)
www.parlament.sr.gov.yu/content/cir/aktivnosti/skupstinske_arhiva.asp (Национално собрание)

**Времени мерки**

Времените мерки се утврдени во два дела од ЗКП. Член 82 и членовите по него се однесуваат на привремена заплена на предмети, докази, инструменти и резултати (имот) кои потекнуваат од кривично дело. Член 516 се однесува на времените заштитни мерки за имотот кој може да биде конфискуван како имот стекнат преку вршење на кривично дело и член 234 со кој се регулира замрзнувањето на банкарските сметки.

Привремената заплена на предмети наменети за вршење на кривично дело или предмети кои се резултат на кривично дело или предмети кои би можеле да послужат како доказ ја изрекува судот (член 82 од ЗКП). Таквите предмети може да бидат запленети од страна на полицијата, извршувајќи ги своите задачи согласно член 225 и 238 од ЗКП (член 82/4 од ЗКП).

**Времени заштитни мерки** во текот на кривичната постапка се изречени по службена должност од судот (истражен судија или судија) според правилата на извршната постапка[30] (член 516 од ЗКП). Времените мерки не може да се изречат во текот на полициската истражна фаза, туку исклучиво откако формалната судска истрага ќе започне. Таквата регулатива може да ја спречи ефикасноста на мерките во пракса, особено во обемните истраги на тешки кривични дела.

**Замрзнувањето** на финансиските трансакции може да го изрече истражниот судија на предлог на обвинителот кога постои сомнеж дека трансакцијата претставува кривично дело или е наменета за вршење на кривично дело или за прикривање на кривично дело или на имот стекнат преку вршење на кривично дело (член 234/2 од ЗКП).

**Управувањето** со запленети и заштитени предмети и имотна корист не е соодветно регулирано во српското законодавство. Привремено запленетите предмети ќе бидат пренесени кај судот или нивната заштита ќе биде обезбедена на друг соодветен начин (член 82/1 од ЗКП). Законот за извршување на кривични санкции (понатаму во текстот ЗИКС) предвидува пренос на конфискуваните средства во државниот буџет (член 327 од ЗИКС). Член 212 од ЗИКС го утврдува располагањето со конфискуваните предмети. Судот може да одлучи да ги продаде истите во согласност со одредбите од Законот за извршна постапка, да ги предаде на релевантните државни органи, криминалистичкиот музеј, научни или добротворни институции, да ги уништи или да управува со нив согласно посебните регулативи. Средствата добиени од продажбата на одземените предмети се приход во буџетот на Република Србија.

**Финансиската истрага** не е посебно регулирана со ЗКП. Законска основа може да се најде во член 513/1 кој бара по службена должност да се утврди имотната корист која потекнува од кривично дело, во кривична постапка. Судот и другите органи, кои се задолжени за водење кривични истраги, се обврзани да собираат докази и да ги утврдат околностите кои се значајни за утврдување на сопственоста и имотот стекнат преку вршење на кривични дела (член 513/2 од ЗКП). Оттука, предистражната фаза (полициска истрага) не е посебно опфатена во овој закон!

Истражниот судија може, на барање на обвинителот, да нареди банката или финансиската институција да открие податоци од сметката на осомниченото лице (член 234/1). Пристапот до банкарската сметка на осомничениот е ограничен и важи само во случај на сомнение за кривично дело, кое се казнува со затвор со времетраење од најмалку 4 години. Ограничувањата, според моето мислење, се премногу рестриктивни и не дозволуваат ефикасна финансиска истрага. Следењето на банкарската сметка не е регулирано.

[30] Види член 300 и 303 од Законот за извршна постапка.

ПИМ се утврдени со членовите 232-234 и 504 од ЗКП.

**Посебни одредби кои се однесуваат на организираниот криминал**

Посебни правила кои се однесуваат на организираниот криминал се дадени во ЗКП во членовите 504а-504 ж. Во случај кога постојат основи за сомнение или основано сомнение за организиран криминал, привремена конфискација на предмети и имотна корист може да се изрече од страна на судот, не земајќи ги предвид условите наведени во членовите 82-88 и членовите 513-520 од ЗКП. Правилата од Законот за извршна постапка се применуваат соодветно (член 504њ од ЗКП). Одредбата овозможува привремена конфискација дури и во текот на предистражната (полициска) постапка. Опсегот на одредбата не е сосема јасен, поради тоа што условите утврдени со ЗКП за заплена на предмети и привремена конфискација на имот не се применливи, а со тоа не се утврдени јасни услови за примена на член 504њ од ЗКП. Постапката, предлогот и одлуката, жалбата, сослушувањето, временскиот рок и извршувањето на мерката привремена конфискација се регулирани со член 504о, п, р, с, т, ќ.

Во согласност со член 504к од ЗКП, обвинителот може да побара од државните органи, банката или финансиската институција да обезбедат податоци за одредено лице, што можат да послужат како доказ за извршено кривично дело или имот стекнат преку вршење на кривични дела. Одредбата не е ограничена само на добивање податоци за осомниченото лице и само на истражната фаза (како во член 234/1 од ЗКП). Обвинителот исто така може да побара информации за сомнителни трансакции кои се поврзуваат со перење пари.

Обвинителот може да нареди замрзнување на банкарски трансакции, обврзници или предмети од вредност (член 504к/2 од ЗКП).

Посебни одредби кои се однесуваат на организиран криминал беа вметнати во новиот ЗКП (2006 година), во делот на општи одредби[31].

Согласно Законот за организација и одговорност на државните органи за борба против организиран криминал[32], специјализирани единици за борба против организиран криминал беа формирани во рамки на полицијата, обвинителството и судовите.

2.7.2 Проширена конфискација

Проширената конфискација не е регулирана во кривичното законодавство. Новата Влада објави воведување на проширената конфискација за време на предизборната кампања. Беше наведено дека од ОБСЕ се очекува да обезбеди експертиза за подготовка на законските измени во поглед на проширената конфискација.

Измените на Кривичниот Закон (КЗ) во 2003 година воведоа второстепена казна од општата конфискација (член 39а), која се изрекува на лице обвинето за кривично дело кое се поврзува со организиран криминал со казна затвор во времетрање од најмалку четири години. Судот може да ги одземе сите предмети и имот на обвинетото лице освен оние за кои има посебна дозвола да ги зачува. Таквата општа конфискација беше во спротивност на стандардите за човекови права дефинирани во Европската Конвенција за човекови права (ЕКЧП). Неоходните дополнителни законски одредби за примена на овој член не беа усвоени. Одредбата веќе не постои во новиот КЗ (2005 година).

---

[31] Види поглавје 3.

[32] Види поглавје 4.

2.7.3 Изготвување на законодавство

**Нацрт – закон за Дирекцијата за управување со запленет/конфискуван имот**
Предлогот претставува чекор напред, но според моето мислење не се однесува на некои важни прашања во врска со управувањето на имотот и овластувањата на Дирекцијата и употребата на конфискуваните предмети и имот.

**Измени на ЗКП** (**применливи од 13 декември 2008 година**)
Новиот ЗКП не воведе многу подобрувања на полето на откривање на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. Одредбите кои се однесуваат на откривање на имот од организиран криминал (член 504 а-ж од ЗКП) се од општ карактер во новиот закон (член 86-94 од новиот ЗКП). Истовремено, општите одредби (234, 513-520 од ЗКП) и понатаму постојат во новиот закон (член 491-497 од новиот ЗКП). Кохеретноста и систематизацијата на некои одредби би можела да се подобри.

Одредбата 504ђ која е доведена во прашање, а која овозможува привремена конфискација на предмети и имотна корист, и покрај општите услови наведени во ЗКП, беше малку изменета (член 87 од новиот ЗКП). Ограничена е на случаи кога постои основано сомнение дека предметот или имотот потекнува од кривично дело кое се казнува со затвор во времетрање од десет или повеќе години (пред да се утврди поврзаноста со организираниот криминал). Опсегот и условите за нејзина примена се уште не се утврдени. Можни измени беа споменати пред усвојување на законот.

2.7.4 Институции

**Полиција**
Во рамки на Министерството за внатрешни работи, постои Оддел за борба против организиран криминал (ОБПОК) кој е исто така специјализиран за водење на финансиски истраги во рамки на овластувањата за сузбивање на организираниот криминал.

Даночна (финансиска) полиција беше формирана, но истата не е во целост функционална. Нејзините овластувања не се во целост регулирани, поради тоа што само дел од полициските овластувања можат да се применат во истрагата на кривичните дела (даночно затајување и слично). Беше наведено дека улогата на даночната полиција на полето на одземање на имотот стекнат преку вршење на кривични дела е многу ограничена во пракса.

Општите овластувања на полицијата се регулирани со член 225 од ЗКП.

**Обвинител**
Кривичната постапка започнува со (судска) истрага, утврдена од страна на истражен судија на предлог на обвинителот. Обвинителот ја води пред - кривичната (полициска) истрага. Во случај на организиран криминал (посебни одредби од член 504а), обвинителот може да изрече наредба за замрзнување на финансиски трансакции (504к од ЗКП), вклучително и во предистражната постапка. Обвинителите од посебното одделение исто така се очекува да работат на откривање на имотот стекнат преку вршење на кривични дела.

Истражниот судија изрекува истражни мерки, пристап до банкарски податоци, замрзнување на банкарски сметки и времени заштитни мерки во текот на пред - судската постапка (пред – кривична и истражна фаза).

Според Законот за организација и одговорности на државните органи за борба против организиран криминал од 2002 година, беа формирани специјализирани единици во рамки на полицијата, обвинителството и судовите:

- специјализирано одделение за борба против организиран криминал (спезијализирано одделение во рамки на обвинителството) во рамки на подрачното обвинителство во Белград,
- оддел за борба против организиран криминал (ОБПОК) во рамки на Министерството за внатрешни работи
- посебно одделение за водење постапки при кривични дела утврдени со закон (посебно одделение на подрачните судови и посебно одделение на Апелациониот суд) во рамки на подрачниот суд и Апелациониот суд во Белград.

2.7.5 Заклучоци

Проширената конфискација не е регулирана во Србија

Главниот недостаток во постоечкото законодавство се однесува на огрничениот пристап до банкарските податоци кои се откриваат само за осомничени лица за сторено кривично дело кое се казнува со затвор со времетраење од четири или повеќе години (член 234 од ЗКП), следењето на банкарските сметки не е регулирано. Финансиската истрага во предистражната фаза не е посебно регулирана (толкување на членовите 513 и 225).

Времени мерки не може да се изречат во текот на полициската истражна фаза, туку само откако формалната судска истрага ќе започне (член 516 од ЗКП), освен во случаи на организиран криминал, кога времени мерки може да се изречат и во предистражната (полициска) фаза (член 504њ од ЗКП).

Управувањето со запленети и заштитени предмети и имотна корист не е соодветно регулирано во српското законодавство.

Запленета на индиректниот имот не е експлицитно регулирана (член 92 од КЗ). Конфискацијата во случаи кога кривичната постапка не завршува со пресуда (во случај на времено ограничување, смрт на обвинетиот во текот на постапката и слично) не е регулирана.

Посебните одредби од ЗКП кои се однесуваат на организираниот криминал исто така овозможуваат привремена конфискација во текот на предистражната (полициска) истрага (член 504њ). Опсегот на одредбата не е сосема јасен, бидејќи условите наведени во ЗКП за заплена на предмети и привремена конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела не се применливи и со тоа нема утврдено јасни услови. Одредбата од член 504к од ЗКП која се однесува на пристапот до банкарски податоци не е ограничена само на податоците на осомниченото лице и само на истражната фаза (како во член 234/1 од ЗКП).

Новиот ЗКП не воведе многу подобрувања на полето на откривање на имотот стекнат преку вршење на кривични дела. Постоечките одредби кои се однесуваат на откривање на имот од организиран криминал (504 а-ж од ЗКП) кои беа изменети во новиот ЗКП повеќе не се ограничени само на случаи на организиран криминал. Поради тоа што постоечките општи одредби беа исто така вметнати во новиот ЗКП, кохеретноста и систематизацијата на некои одредби би можела да се подобри.

Специјализирани институции во рамки на полицијата, обвинителството и судовите за борба против организираниот криминал беа формирани во 2003 година.

### 2.7.6 Општ преглед

| **КЗ** | | **Србија** |
|---|---|---|
| Конфискација | 91 КЗ<br>87 КЗ | Конфискација на имот<br>Конфискација на предмети |
| Директен/ индиректен имот стекнат преку кривични дела | 92/1 | |
| Конфискација заснована на вредност | 92/1 | |
| Трети лица | 92/2, 92/3 | |
| Правно лице | 92/2 | и член 514 од ЗКП |
| Проширена конфискација | Не | |
| **ЗКП** | | |
| **Финансиска истрага** | 513 | |
| ПИМ | 232-234<br>504lj (OK) | |
| Предистражна фаза | не 513 | Толкување на член 225 (општи полициски овластувања) |
| Пристап до банкарски податоци | 234<br>504 k (OK) | Огрничени податоци за осомниченото лице и кривични дела за кои се пропишува казна затвор со времетраење од 4 и повеќе години<br>Наредба од обвинителот |
| **Привремена конфискација** | 82<br>516<br>504r (OK) | предмети<br>имот<br>без услови наведени во ЗКП |
| Предистражна постапка | не 516<br>да 504r (OK) | |
| Замрзнување на банкарски сметки | 234/2<br>504k/2 (OK) | Истражен судија<br>Обвинител |
| Жалбена постапка | 82-86<br>504 s, t, ć, u, f , h (OK) | предмети |
| Управување | Не<br>504 h (OK) | Одговорна институција (не е утврдена или формирана) – нацрт-предлог |
| **Конфискација** | 517 | |
| **Постапка** | 514<br>518, 519 | Трети и правни лица<br>Правни лекови |
| Проценка на вредност | 515 | Слободна проценка на судот |
| **Извршување** | | Закон за извршување на кривични санкции и Закон за извршна постапка |
| **Посебни закони** | 504a - h | Организиран криминал<br>Закон за организација и одговорност на државните органи во |

| | | |
|---|---|---|
| | | борбата против организираниот криминал |
| **Линкови** | Влада<br>Собрание | www.srbija.sr.gov.yu/<br>www.parlament.sr.gov.yu/content/cir/aktivnosti/skupstinske_arhiva.asp |
| **Институции (специјализирани)** | | |
| Министерство за внатрешни работи | | Оддел за борба против организиран криминал (ОБПОК) во рамки на Министерството за внатрешни работи |
| Даночна полиција | | Министерство за финансии |
| Обвинителство | | Посебно одделение за борба против организиран криминал (Посебно одделение во рамки на обвинителството) во рамки на Подрачното обвинителство на Белград |
| Судови | | Посебно одделение за постапки за кривични дела утврдени со закон (Посебно одделение на подрачниот суд и Посебно одделение на апелациониот суд) во рамки на подрачниот суд и Апелациониот суд во Белград |

## 3 Меѓународни стандарди

Неколку меѓународни правни инструменти на Обединетите Нации, Советот на Европа и Европската Унија ја промовираат имплементацијата на проширената конфискација, согласно начелата на домашното законодавство.

Законодавството во врска со проширената конфискација во Европа е многу разновидно. Очигледно е дека решенијата треба да го следат специфичниот (кривичен) правен систем на државата и се под влијание на судската пракса, што доведе до неколку измени во изминатите години на имплементација.

Одредбите за проширена конфискација исто тако беа тестирани од страна на Европскиот суд за човекови права кој разви богата јуриспруденција и стандарди на усогласеност на таквото законодавство со стандардите за човекови права[33].

За целите на овој документ, ќе биде накусо прикажан дел од германското, холандско, данско и ирско законодавство. Причините за примена на проширената конфискација во овие земји се различни, но најчесто се однесуваат на (јавната) свест и потребата за ефикасна борба против криминалот (убиството на новинарот во Ирска, конфликите меѓу бандите во Данска и слично).

Сите погоре наведени земји исто така го имаат „стандардниот" систем на конфинскација на сила. Проширената конфискација е најчесто ограничена на одредени тешки кривични дела (казниви со казна затвор или парична казна која надминува одредена граница) или други услови.

### 3.1 Меѓународни правни инструменти

Советот на Европа, Европската Унија и Обединетите Нации усвоија неколку правни инструменти за промовирање на проширената конфискација преку (граѓански) пренос на товарот на докажување на изворот на приход или имотот на сторителот. Како и да е, во последната Конвенција на Советот на Европа од 2005 година за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривични дела и финансирање на тероризмот (Варшава), која се уште не е влезена во сила, воведе обврска за државите (член 3/4) за можноста за пренесување (член 53/4).

> **Конвенција на Советот на Европа од 2005 година за перење пари, откривање, заплена и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела и финансирање на тероризмот (Варшава),** член 3 став 4:
> Секоја страна ќе усвои такво закодавство или други мерки, доколку постои потреба од тоа, со кои се бара, во однос на тешките кривични дела или кривични дела дефинирани во националното законодавство, сторителот да го покаже потеклото на имотот стекнат преку вршење на кривични дела или сопственоста која подлежи на конфискација до онаа мера до која таквото барање е во согласност со начелата на домашното законодавство.

Виенската Конвенција на Обединетите Нации и Конвенцијата за борба против транснационалниот организиран криминал даваат можност земјите да ја разгледаат можноста да побараат од сторителот да го докаже законското потекло на наводниот имот стекнат преку вршење на кривични дела или друга сопственост подложна на конфискација, до онаа мера до која таквото барање е во согласност со начелата на домашното законодавство и со карактерот на судската и другите постапки.

---

[33] Исто така види поглавје 5 од „Прирачникот за финансиски истраги и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривични дела" од CARPO Проектот

**Конвенција од 1988 година за борба против недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции (Виенска Конвенција),** член 5 став 4:
Секоја страна може да размисли да овозможи пренос на товарот на докажување во однос на законското потекло на наводниот имот стекнат преку вршење кривично дело или друга сопственост подложна на конфискација, до онаа мера до која таквото барање е во согласност со начелата на домашното законодавство и со карактерот на судската и другите постапки.

**Конвенција од 2000 година за борба против транснационалниот организиран криминал (UNTOC Конвенцијата од Палермо),** член 12 став 7:
Државите страни може да ја разгледаат можноста да побараат од сторителот да го докаже законското потекло на наводниот имот стекнат преку вршење на кривични дела или друга сопственост подложна на конфискација, до онаа мера до која таквото барање е во согласност со начелата на домашното законодавство и со карактерот на судската и другите постапки.

**Акциски план на Европската Унија од 2000 година:** спречување и контрола на организираниот криминал: Стратегијата на Европската Унија за почетокот на новиот милениум го вклучува прашањето за пренос на товарот на докажување во Препораката 19[34].

Препорака 19:
Треба да се испита можната потреба од инструмент кој, имајќи ја предвид најдобрата пракса која се применува во земјите членки и со посебна почит кон основните законски начела, ја воведува можноста за олеснување, согласно кривичното, граѓанско или финансиско право, доколку е соодветно, на товарот на докажување во врска со изворот на имотот кој го поседува лицето обвинето за кривично дело кое се поврзува со организиран криминал.

**Рамковната одлука на Советот** (2005/212/JHA) **за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело, предмети и друга сопственост** од 24 февруари 2005 година ја дефинира обврската земјите членки да усвојат неопходни мерки кои даваат можност за поголеми овластувања за конфискација. Мерките треба да бидат усвоени од страна на земјите членки најдоцна до 15 март 2007 година.

Рамковната одлука нуди 3 можности за (проширена) конфискација:
- на имот (во целост или на делови)
- кој припаѓа на лице обвинето за кривично дело
- извршено во рамки на криминална организација (кривични дела кои се поврзуваат со трговија со дрога, фалсификување на евро валутата, перење пари и предикативни кривични дела, нелегална миграција, трговија со луѓе) или тероризам и слично:

а) кога судот, врз основа на специфични факти, е во целост убеден дека имотот потекнува од криминална активност или од слична криминална активност на обвинетото лице во периодот пред обвинението за кривичното дело, кој се смета за прифатлив од страна на судот во околностите карактеристични за тој случај,
б) кога ќе се утврди дека вредноста на имотот не е сразмерна со законскиот приход на обвинетото лице и кога судот, врз основа на специфични факти, е во целост убеден дека имотот за кој станува збор потекнува од криминална активност на тоа обвинетото лице.

Таквата конфискација исто така може да се прошири и на:
- имотот стекнат од страна на најблиските роднини на засегнатото лице, и на
- имотот пренесен на правно лице кое во поглед на засегнатото лице – постапувајќи самостојно или во соработка со неговите/нејзините најблиски роднини – има контролно влијание.

34

Став 4 од член 3 остава можност земјите членки да применат други постапки, не само кривична постапка, со цел да го одземат од строрителот имотот доведен во прашање.

## 3.2 Споредбен приказ

Некои европски земји[35] воведоа одредени форми на пренос на товар (или подобро речено, поделба) на докажување на потеклото на имотот[36]. Дискреционата моќ е во рацете на судот. Државата мора да прикаже некакви докази со кои ќесе претпостави дека имотот можеби е прибавен по криминален пат или дека обвинетиот не можел да го стекне имотот по законски пат, имајќи го предвид неговиот легитимен приход. Сето ова може да се ограничи на одреден временски период пред изнесување на обвинението и/или за одредени видови на (тешки) кривични дела. Не е неопходно имотот за кој станува збор да е директно поврзан со одредени кривични дела за кои лицето е обвинето.

Следниве примери на законски решенија може да се искористат како модел за земјите кои покажуваат интерес за примена на проширената конфискација во нивните законодавства. Покрај законскиот текст, толкувањето и примената преку јуриспруденцијата се важни, поради тоа, некои главни карактеристики ќе бидат споменати.

Главната (споредбена) карактеристика на германскиот систем е „бруто“ начелото и супсидијарната примена на проширената конфискација (член 73г). Холанданската јуриспруденција го воведе „нето“ начелото (чисто збогатување: незаконски придобивки) преку намалување на трошоците на сторителот за вршење на кривичното дело. Кривичната финансиска истрага е регулирана како посебна постапка, паралелна, но различна и одвоена од кривичната постапка, која ја води обвинителот (посебно одделение во рамки на обвинителството BOOM). Данаска го создаде своето законодавство врз основа на холандскиот модел, но и „бруто“ начелото се применува. Ирска имплементираше посебна граѓанска постапка за конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело, а кривична пресуда не е потребна. Формирањето на специјализирани единици (во полицијата, обвинителството или повеќе дисциплинарни единици) следеше по регулативата за проширена конфисќција со цел да се овозможи нејзина примена во пракса.

### 3.2.1 Холандија

**Член 36д од Кривичниот закон**

1. По барање на Јавното обвинителатвото, во случај на посебна судска одлука, обврската за исплата на парична сума на државата заради одземање на незаконски стекнати поволности може да биде наметната на лице кое е обвинето за вршење на кривично дело.
2. Ваквата обврска може да биде наметната на лицето за кое станува збор во точка 1 погоре, кое стекнало поволности со употреба или од имот кој е резултат од кривично дело за кое е обвинет или слични кривични дела или кривични дела за кои се предвидува парична казна од петта категорија, за кои постојат доволно показатели дека истите се извршени од страна на тоа лице.
3. По барање на Јавното обвинителство, во случај на посебна судска одлука, обврската за исплата на парична сума на државата заради одземање на незаконски стекнати поволности може да биде наметната на лице кое е обвинето за кривично дело за кое се предвидува парична казна од петта категорија, и против кого е започната финансиска истрага, доколку, во поглед на таа истрага се утврди дека други кривични дела, на еден или друг начин, наведуваат дека обвинетото лице се стекнало со незаконски поволности.
4. Судијата може да одреди сумата која треба да се исплати да биде помала од проценетата вредност на поволностите. (старата одредба гласи: судијата ја одредува проценетата висина на нелегално стекнатата поволност. Поволноста ја вклучува и заштедата на трошоци.).
5. (...)
6. Барањата кои се легално предвидени за оштетените трети страни се одземени кога се утврдува висината на сумата на која е проценета нелегално стекнатата поволност.

Став 2 ја проширува конфискацијата на имотот стекнат преку вршење на кривично дело во кривична постапка, за кој сторителот е обвинет, на имотот од слични или наведени кривични

[35] Види исто така: „Евалуација на закони и системи на земјите членки на FATF во однос на конфискација на имот и времени мерки“, 21.07.1997 година, www.oecd.org/fatf/evaluati.htm

[36] Повеќе детали во: „Пренос на товар на докажување при конфискација на имот стекнат преку вршење кривични дела: Преглед на најдобрите пракси на Советот на Европа“, Совет на Европа, 2000 година.

дела, кога постојат доволно показатели дека кривичното дело е извршено од страна на криминалецот. Во ваков случај не е неопходно да се формира кривична постапка (обвинение или судска постапка) за такви кривични дела но врската помеѓу „осомничениот" и кривичното дело (доволно показатели), што резултира со имотна корист (поволности), е доволна за донесување на одлука на конфискација.

Став 3 дава можност за конфискација на нелегално стекнатиот имот на лице, обвинето за некое од наведените кривични дела (казниви со парична казна од петта категорија) ако се предвиди дека и други кривични дела би довеле до стекнување на незаконски поволности за обвинетото лице. Во ваков случај, посебната кривична финансиска истрага (член 126 од ЗКП) мора да ја посочи несразмерноста меѓу законски пријавениот приход и постоечкиот имот. Стандардот за докажување на државата бара да се донесе претпоставка за незаконското потекло на имотот. Поврзаноста на лицето со други кривични дела не мора да се докаже ниту посочи, согласно став 2.

Не е посебно наведено дека обвинетото лице е должно да обезбеди докази со кои ќе ги побие (доволните) доказите (став 2) или веродостојната претпоставка (став 3) но одбраната во пракса обезбедува многу аргументи и докази, во најмала рака за да ја намали проценетата вредност на незаконскиот имот кој треба да се конфискува.

Утврдувањето на имотната корист која потекнува од кривичното дело (член 511в од ЗКП) и нејзиното одземање (исплата) меѓу обвинетиот и обвинителот е подобрена. Спогодбата и замената на времено заштитениот (запленет) имот од обвинетиот со парични средства или обврзници е подобрена заради ограничување на трошоците за управување.

3.2.2 Данска

> **Член 76а од Кривичниот Закон**
>
> 1. Целосна или делумна конфискација на имотот кој припаѓа на лице прогласено за виновно за кривично дело може да се изврши кога:
>
> 1) извршеното дело според својата природа може да резултира со значителна придобивка, и
>
> 2) согласно законот, извршеното дело се казнува со казна затвор во времетраење од шест или повеќе години, или се смета за прекршување на законодавството во еуфорија.
>
> 2. Според условите наведени во точка 1 погоре, целосна или делумна конфискација на имотот кој го стекнал партнерот (сопружниците) или сожител ќе се изврши само ако:
>
> 1) имотот е стекнат пет или повеќе години пред вршењето на кривичното дело за кое предвидената конфискација согласно точка 1 е заснована или
>
> 2) бракот или заедничкиот живот не бил склучен во периодот на стекнување на имотот.
>
> 3. Спред условите наведени во точка 1 погоре, целосна или делумна конфискација на имотот пренесен на правно лице, врз кое обвинетото лице, лично или заедно со неговите најблиски роднини, може да има одлучувачко влијание, може да се изврши. Истото се применува ако лицето за кое станува збор добило значителен дел од приходот на правното лице. Нема да се изврши конфискација ако имотот бил пренесен на правното лице пет или повеќе години пред да се изврши кривичното дело за кое предвидената конфискација согласно точка 1 е заснована.
>
> 4. Согласно точка 1-3, конфискација нема да се изврши доколку сторителот направи да е можно да се поверува дека имотот е стекнат по легален пат или со законски стекнати средства.
>
> 5. Во случај на конфискација на одреден имот согласно точка 1-3 погоре, сума соодветна на вредноста на имотот или дел од таа вредност може да се конфискува.

(Проширената) Конфискација на имотот на обвинетото лице е ограничена на кривични дела, за кои се изрекува казна затвор во времетраење од шест или повеќе години и за значителна придобивка. Конфискација на имот е можна исто така и од сопружниците или сожителите на обвинетото лице или од правно лице, доколку имотот е стекнат или пренесен во последните

пет години пред вршењето на кривичното дело и ако обвинетиот има одлучувачко влијание или добил значаен дел од приходот на правното лице.

Законот дава основа за целосна (или делумна) конфискација на имотот на обвинетото лице, само ако сторителот направи да е можно да се поверува дека имотот е стекнат по легален пат или со законски стекнати средства. Не е потребно да се утврдува поврзаност со други кривични дела (извршени пред отпочнувањето на постпката за тоа дело). Врската помеѓу имотот (стекнат во последните пет години пред вршењето на конкретното кривично дело) и претпоставката дека неговото потекло е незаконско мора да задоволуваао што би се побиле аргументите и доказите на обвинетиот за докажувањето на законското потекло на имотот (или дел од него).

3.2.3 Германија

**Дел 73г од Кривичниот Законик (проширена конфискација)**

1. Ако незаконско дело се изврши согласно одредбата од овој закон, судот исто така ќе изрече заплена на предметите кои му припаѓаат на сторителот или поттикнувачот или помагателот, доколку околностите ја оправдаат претпоставката дека тие предмети биле стекнати како резултат на незаконско дело, или за цели за вршење на истото. Реченицата 1 исто така ќе се примени доколку сторителот или поттикнувачот или помагателот не ги поседуваат, ниту имаат желба за поседување на предметите само поради тоа што се стекнати како резултат на незаконско дело или за цели за вршење на истото. Дел 73 точка 2 ќе се примени соодветно.
2. Доколку е можно да се конфискува одреден предмет откако делото е извршено, во целост или на делови, тогаш дел 73а и 73б по аналогија ќе бидат применети до таа мера.
3. Доколку, по наредбата за конфискација согласно точка 1, како резултат на друго кривично дело кое сторителот или потикнувачот или помагателот го извршил пред таквата наредба, повторно мора да се донесе одлука во однос на конфискацијата на предметите на сторителот или поттикнувачот или помагателот, така што судот во ваквата постапка, ќе ја разгледа и наредбата предходно изречена.
4. Дел 73в ќе се примени соодветно.

Од 1992 година „начелото на бруто исплата" се применува согласно кое конфискацијата се проширува на целиот имот стекнат преку вршење на кривично дело без намалување на направените трошоци.

Предлогот за менување на одредбата не беше прифатен (конфискација на имот кој се поврзува со барањата за имот на жртвите – член 73/1). Во пракса најголем проблем е докажувањето на незаконското потекло на имотот, ако обвинетото лице има законски приходи.

3.2.4 Ирска

Законот за имот стекнат преку вршење на кривично дело и Законот за Бирото за имот стекнат преку вршење на кривично дело беа усвоени во 1996 година, со цел ефикасна борба против организираниот криминал преку одредување на имотот на криминалците.

Бирото за имот стекнат преку вршење на кривично дело претставува повеќедисциплинарна агенција, сочинета од полициски, царински, даночни и социјални службеници, кои можат да ги применуваат нивните автентични овластувања и имаат пристап до базите на податоци во рамки на нивните одговорности во Бирото. Задача на Бирото за имот стекнат преку вршење на кривично дело е да го идентификува и заплени, во целост или делумно, имотот на лицата кои се стекнале или се сомничат дека се стекнуваат, директно или индиректно, со имот од криминални активности или имаат придобивки од таквиот имот.

Согласно Законот за јавни приходи и Законот за социјална работа, имотот од криминалната активност или осомничената криминална активност е подложен на оданочување и вредноста

на неоправданата корист (прекумерна исплата) на лицето вклучено во криминалната активност исто така може да се оспори и конфискува.

Законот за имот стекнат преку вршење на кривично дело (изменет во 2005 година) ја воведе граѓанската постапка (и граѓанските стандарди на докажување на криминалната активност) за in rem конфискација на имот стекнат преку криминална активност. Не е потребно обвинение во кривичната постапка. Високиот суд одлучува за времена конфискација и конфискација.

Предмет на времените мерки (привремена наредба за 21 ден (дел 2) и времена наредба за 7 години (дел 3)) и конфискација (одлука за располагање (дел 4)) претставува посебен имот, кој го поседува или контролира лице, а кој ја надминува вредноста од 13.000 Евра, што претставува, директен или индиректен, имот стекнат преку вршење на кривично дело или имот кој бил стекнат, во целост или делумно, со или во врска со имот кој директно или индиректно претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело. Вредноста на имотот надминува сума од 13.000 Евра. Сериозната закана од неправда треба да ја разгледа судот при донесувањето одлука за располагање. Убедувањето на Шефот на Бирото за имот стекнат преку вршење на кривично дело дека имотот претставува, во целост или делумно, имот стекнат преку вршење на кривично дело, може да се искористи како доказ (член 8).

Ирскиот модел на граѓанско право може да се искористи како пример, но тоа претставува предизвик за негова директна примена во континенталниот правен систем. Како и да е, Бирото за имот стекнат преку вршење на кривично дело треба да послужи како добар пример на повеќедисциплинарна служба, која исто така има за цел да работи на оданочување на имотот стекнат преку вршење на кривично дело и неоправдани социјални придобивки.

> Закон за имот стекнат преку вршење на кривично дело
>
> Дел 4: Наредба за располагање
>
> (1) Согласно точка 2, кога на сила е времена одлука со важност помалку од 7 години во врска со посебен имот, Судот, при примената на истата, може да изрече наредба („наредба за располагање") со која се утврдува дека целиот или, ако е соодветно, посебен дел од имотот ќе биде пренесен, согласно условите наведени од страна на судот, на Министерот или на друго лице за кое ќе одлучи Судот.
>
> (2) согласно точка (6) и (8), судот ќе изрече наредба за располагање во врска со целиот имот кој е предмет на пријава согласно точка (1) само ако не се докаже дека тој конкретен имот не претставува, директен или индиректен, имот стекнат преку вршење на кривично дело или имот кој бил стекнат, во целост или делумно, со или во врска со имот кој директно или индиректно претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело.
>
> (3) подносителот ќе го извести обвинетиот (само ако судот е уверен дека разумно не е можно да се утврди неговото/нејзиното живеалиште), и оние други лица (ако има такви) бидејќи судот може да посочи на пријава согласно овој дел.
>
> (4) наредбата за располагање има за цел да ги одземе правата на обвинетиот согласно овој дел, и имотот кој му припаѓа, и по изрекувањето на наредбата, имотот ќе се пренесе на Министерот или на друго лице на кое истиот му припаѓа.
>
> (5) Министерот може да го продаде или на друг начин да располага со сиот имот кој му е пренесен согласно овој дел, и сиот имот од таквото располагање и сите пари кои му се пренесени согласно овој дел ќе бидат исплатени или преиначени во добивка за Министерството за финансии од страна на Министерот.
>
> (6) во постапката наведена во дел (1), пред донесувањето на одлука дали ќе се изрече наредба за располагање, судот треба да даде можност да биде ислушан пред судот и да наведе причини зошто нема да се изрече наредба за ниту едно лице кое бара сопственост врз било кој имот за кој станува збор.
>
> (7) Судот, ако смета дека е соодветно да го стори тоа во интерес на правдата, на барањето на обвинетиот, или ако не може да се утврди локацијата на обвинетиот, на своја сопствена иницијатива

може да го одложи сослушувањето согласно точка (1) за период кој не е подолг од 2 години, бидејќи таквиот рок се смета за разумен.
(8) Судот нема да донесе наредба за располагање ако смета дека ќе се појави сериозен ризик во однос на правдата.

Дел 8: Одредби кои се однесуваат на докази и постапка согласно Законот
(1) Кога претставник или овластено службено лице истакнува (а) во постапка според дел 2, на писмено или ако судот тоа го побара, усно, или (б) во постапка според дел 3, усно, дека тој/таа верува во едно или во двете од следново, односно:
1. дека обвинетото лице го поседува или контролира конкретниот имот и дека имотот претставува, директен или индиректен, имот стекнат преку вршење на кривични дела,
2. дека обвинетото лице го поседува или контролира конкретниот имот и дека тој имот претставува директен или индиректен, имот стекнат преку вршење на кривично дело или имот кој бил стекнат, во целост или делумно, со или во врска со имот кој директно или индиректно претставува имот стекнат преку вршење на кривично дело.
и дека вредноста на имотот или, можеби, целосната вредност на имотот за кој станува збор во двата става, 1. и 2. не е помала од 13.000 Евра, потоа, ако судот верува дека има основани сомненија за такво уверување, изјавата ќе се смета за доказ за материјата наведена во став 1. или став 2. или во двата, ако е соодветно, и за вредноста на имотот.
(2) Стандардот на докажување кој е потребен да за се одлучи за било кое прашање кое ќе се постави согласно овој Закон ќе биде оној кој се применува и во граѓанските постапки.
(...)

### 3.3 Поврзаност со стандардите за човекови права

Прашањето за олеснување на товарот за докажување во врска со потеклото на сомнителниот имот, во спротивно на кривичниот стандард на докажување, се поврзува со стандардите од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП)[37].

Дури и ако товарот за докажување на вината на сторителот и понатаму е во рацете на државата во кривичната постапка, ваквата одредба влијае врз основното право за правично судење (презумпција на невиност и примена на претпоставки во кривичната постапка) и на правото на приватна сопственост, опишани во ЕКЧП. Европскиот Суд за човекови права разви јуриспруденција и стандарди според кои таквата законска можност е во согласност со Конвенцијата.

Примената на статутарните претпоставки со цел да се подели товарот на докажување меѓу јавниот обвинител и обвинетиот за да се направи проценка и да се утврди казнената конфискација, особено кога лицето може да биде прашано да го објасни лично потеклото на неговиот имот со цел да се избегне негова конфискација може да би спротивно на следниве одредби од ЕКЧП:

- право на правично судење:

Член 6.1: „во утврдувањето на неговите граѓански права и обврски или кривично обвинение против него, секое лице има право на правично и јавно сослушување во разумен рок од страна на независен и непристрасен трибунал основан со закон". (...).

- презумпција на невиност:

Член 6.2: „секое лице обвинето за кривично дело се смета за невино се додека не се докаже неговата вина согласно законот".

- заштита на имотот:

Член 1 од првиот дополнителен протокол кон ЕКЧП: „секое физичко или правно лице има право мирно да ужива во својата сопственост. Ниту едно лице не смее да биде лишено од својата сопственост, со исклучок кога тоа е од јавен интерес и предмет на услови утврдени во закон и во општите начела на меѓународното право." (...)

Европскиот Суд за човекови права (ЕСЧП) ја провери конзистентноста на националните законодавства со Европската Конвенција за човекови права во неколку наврати. Заклучоци од јуриспруденцијата се следниве:

- презумпцијата на невиност се применува во кривичните постапки како целина[38] вклучително и донесувањето на наредба за конфискација како нејзин дел, и почитувањето на ваквата претпоставка мора да се процени за целата судска постапка а не за секоја фаза поединечно;

- примената на претпоставки од факти или од закон е дозволена во рамки на разумни ограничувања и во сооднос со значењето на случајот (начелото на пропорционалност) и да се почитуваат правата на одбраната (начела на еднаквост во постапувањето)[39]. Претпоставките може никогаш да не бидат отповикани, а судот мора да постави граница на разбирање.

---

[37] Конвенција за заштита на човековите права и основни слободи, ETS 005, Совет на Европа, Рим, 04.11.1950 година и дополнителните протоколи кон Конвенцијата.
[38] Случајот Минели против Швајцарија, 25.03.1983 година.
[39] Случај Салабиаку против Франција, 07.10.1988 година.

Поради тоа, целосен пренос на товарот на докажување или општа конфискација не се дозволени.

- правото на лична неинкриминација, како дел од правото на правично судење, подлежи на строго толкување од страна на Европскиот Суд за човекови права, но не е апсолутно: кога доволно и прецизни обвиненија и докази се изнесени, односот на обвинетото лице да не одговара на поставените прашања може да се смета како дополнител показател на вината[40]. Изјавите добиени во управната постапка, кога осомничениот е обврзан да ја зборува вистината не се прифаќаат во натамошната кривична постапка[41];

- ЕСЧП дава автономна дефиниција на поимите „казна" и „мерка", а применливоста на ЕКЧП зависи од таквата квалификација[42]. Релевантни критериуми се однесуваат на тоа дали мерката се изрекува по обвинението за сторено кривично дело, каков е нејзиниот карактер и целта на мерката, нејзина карактеризација согласно националниот закон, постапките во донесувањето и примената на мерката, и степенот на строгост.

Во водечкиот случај Филипс[43], ЕСЧП ја тестираше усогласеноста на некои одредби на Законот за борба против трговија со дрога на Обединетото Кралство од 1994 година кои се однесуваат на конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело.

---

[40] Случајот Муреј против Обединетото Кралство, 08.02. 1996 година.
[41] Случајот Саундерс против Обединетото Кралство, 17.12.1996 година.
[42] Случајот Велч против Обединетото Кралство, 09.02.1995 година.
[43] Случајот Филипс против Обединетото Кралство, 05.07.2001 година.

## 4 Заклучоци

Откривањето на имотот стекнат преку вршење на кривично дело претставува ефикасен пристап во борбата против организираниот криминал. Прегледот дава општи информации за постоечкото законодавство и одговорните институции во земјите од Југоисточна Европа, како и опис на иницијативите за релевантни законски измени и постоечките пречки во праксата. Примената на постоечкото законодавство за идентификување, следење, замрзнување, заплена и конфискација на имотот стекнат преку вршење на кривично дело во праксата и понатаму има потреба од дополнителна поддршка во сите земји во регионот, особено околу обезбедувањето на помош за специјализација (обука), поддршка за подигање на свеста на стратешко и оперативно ниво.

Значајни чекори беа направени во рамки на CARPO проектот – поточно во рамки на резултатот два за финансиски истраги со цел конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело – за да се зголеми знаењето и примената на проширената конфискација меѓу донесувачите на одлуки и практичарите од полицијата и судството. Два главни недостатоци беа идентификувани: непостоење на правила и институции задолжени за управување со запленетиот и конфискуван имот и општото отсуство на проширената конфискација. Главни достигнувања на проектот со кој се подобрува ваквата ситуација беа: усвојувањето на стратегијата за финансиски истраги од страна на министерите за правда и внатрешни работи во сите проектни области; подготовка на сеопфатни прирачници за обука согласно потребите на секоја земја кои беа доставени до институциите за спроведување на законот и судството (како и до академиите за обука) со многу практичен пристап; обука за голем број на практичари од различни служби за финансиски истраги и конфискација на имот стекнат преку вршење на кривично дело; откривањето на недостатоци во законодавството на проектните области што беше посочено преку правна експериза и разговарано за време на тркалезните маси заедно со изготвувачите на законите и практичарите во насока на менување на законодавството; нова организациона поставеност за финансиски истраги подготвена за примена во неколку проектни области; и зајакнување на соработката помеѓу единиците за финансиски истраги во регионот преку низа на заеднички обуки и состаноци на шефовите.

Проширената конфискација е регулирана и се применува само во Албанија. Босна и Херцеговина усвои релевантни измени на КЗ, но со непостоењето на потребните правила за посебна постапка, одредбата не е применлива во пракса. Хрватска ги усвои измените на КЗ во 2006 година, а нивна примена во пракса се уште не постои. Другите земји го покажаа нивниот интерес (барем на експерстко ниво) за таква законска можност, особено откако се информираа за искуството на Германија, Холандија и некои други европски земји.

Иако правните инструменти на Обединетите Нации, Европската Унија и Советот на Европа го промовираат воведувањето на проширената конфискација, само Варшавската Конвенција од 2005 година (која се уште не е на сила) ја востанови истата како барање/ меѓународен стандард (со можно оградување).

(Не)Толкувањето од страна на некои виши службени лица од земјите на Југоисточна Европа во однос на тоа дека проширената конфискација претставува непочитување на стандардите за човекови права и понатаму постои, па оттука, релевантната јуриспруденција на Европскиот Суд за човекови права и искуството на европските земји, каде законодавството беше исто така тестирано и од страна на Уставниот суд, е значајна информација.

Од јуриспруденцијата на Европскиот Суд за човекови права, следниве главни заклучоци би можеле да послужат за идно регулирање на проширената конфискација:

- начелото на пропорционалност: примената на проширената конфискација треба да се ограничи само на оправдани случаи (тешки кривични дела),
- претпоставката (дека имотот потекнува од криминална активност) мора да може да се побие, па оттука, мора да постојат точни процедурални правила (за време на времените мерки и донесувањето на одлука за конфискација) со овозможено спротивставување (можност обвинетиот да изнесе докази за законитиот извор на имотот) и во врска со ова,
- стандардот на докажување треба да се регулира соодветно.

Примери на регулирање и практични резултати од режимот на проширената конфискација кај некои европски земји посочуваат на разнообразност на законодавствата и пристапот на ова поле, што резултира од правната традиција и судска јуриспруденција, што исто така резултираше со законски измени по одреден период на примена. Од искуството на европските земји споменати во поглавјето 3, може да се заклучи дека претпоставката за незаконското потекло на имотот на (подоцна обвинетото) лице е заснована на (а) верувањето за негова поврзаност со други (претходни) криминални активности, кои му овозможиле имотна придобивка и /или (б) несразмерност меѓу стекнатиот имот во периодот пред кривичното дело и неговите законски пријавени приходи. Можноста да се обезбеди доказ (или на друг начин да се убеди судот) за законското потекло на имотот е дадена за време на времените мерки и во текот на судскиот процес. Одлуката за (проширена) конфискација во најголем дел случаи (со исклучок на граѓанската постапка во Ирска) следи по обвинението за сторено кривично дело. Со цел да се овозможи примена на законодавството за проширената конфискација во пракса, беа формирани специјални служби.

Формирањето на специјалните служби овозможи примена на новото законодавство во пракса.

Информациите во овој документ би можеле да послужат како основа за длабинска анализа, која исто така би ја разгледала и судската пракса кај земјите корисннички.

******
***